Собрание на Република Македонија

# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на петтиот пратенички состав на Собранието на Република Македонија
## 26.07/2006 - 12.04/2008

# СОДРЖИНА

**1. Вовед** **5**
**2. Пратенички состав** **7**
2.1. Изборни резултати 9
2.2. Пратенички состав 12
2.3. Етничка структура на пратеници по пратенички групи 25
2.4. Полова структура на пратеници по пратенички групи 25
2.5 Старосна структура на пратеници по пратенички групи 25
2.6. Образовна структура на пратеници по пратенички групи 25
**3. Седници на Собранието на Република Македонија** **27**
3.1. Седници 29
3.1.1 Работни седници 31
3.1.2 Седници на пратенички прашања 32
3.1.3 Други седници 33
3.2 Закони 34
3.2.1 Закони според постапка на донесувањето 37
3.2.2 Закони според предлагачи 38
3.2.3 Повлечени и недонесени закони 39
3.2.4. Одлуки 40
3.2.5. Одлуки во судство и обвинителство 41
3.2.6. Други акти 42
3.3 Амандмани 43
3.4. Пратенички прашања 45
**4. Работни тела** **47**
4.1. Состав на работните тела 49
4.2. Организација и функционирање на работните тела 50
4.3. Работните тела-форум за дебати во функција на седниците на Собранието на РМ 50
4.4. Јавните расправи - дебатен форум за актуелни теми 54
4.5. Нагласено учество на комисиите во меѓународните активности 55
4.6. Усогласување со законодавството на ЕУ 56
**5. Претседател и потпретседатели** **59**
5.1. Претседател 61
5.2. Потпретседатели 72
**6. Меѓународна соработка** **77**
6.1. Мултилатерална соработка 79
6.2. Билатерална соработка 88
**7. Буџет и инвестиции на Собранието на Република Македонија** **91**
7.1. Буџет 93
7.2. Инвестиции 95
**8. Клуб на жени пратеници** **97**
**9. Јавност во работата на Собранието** **103**
9.1. Собраниски ТВ канал 105
9.2. Електронска комуникација 107
9.3. Средства за јавно информирање 112
**10. Служба на Собранието на Република Македонија** **115**
10.1. Едукација на службата **121**
10.2. Програма за практиканти во Собранието на Република Македонија **126**
**11. Прилози** **127**
Прилог 1: Одржани седници 129
Прилог 2: Донесени акти на Собранието на РМ 137
Прилог 3: Недонесени и повлечени акти на Собранието на РМ 159
Прилог 4: Меѓународни активности 165

# 1. ВОВЕД

*Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.*

*Собранието е еднодомно кое го сочинуваат 120 пратеници кои се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.*

*Во сегашниот состав на Собранието пратениците се избрани врз основа на пропорционален модел и тие својата функција ја вршат професионално.*

*Пратениците се избираат за време од четири години и тие не можат да бидат отповикани.*

*Врз основа на Уставот на Република Македонија Собранието на Република Македонија:*

*- го донесува и изменува Уставот;*

*- донесува закони и дава автентично толкување на законите;*

*- ги утврдува јавните давачки;*

*- донесува Републички буџет и завршна сметка на буџетот*

*- донесува просторен план на Републиката;*

*- ратификува меѓународни договори;*

*- одлучува за војна и мир;*

*- донесува одлука за менување на границата на Републиката;*

*- донесува одлука за стапување и истапување од сојуз или заедница со други држави;*

*- распишува референдум;*

*- одлучува за резервите на Републиката;*

*- основа совети;*

*- избира Влада на Република Македонија;*

*- избира судии на Уставниот суд на Република Македонија;*

*- врши избор и разрешување на судии;*

*- врши избори, именувања и разрешувања и на други носители на јавни и други функции утврдени со Уставот и со закон;*

*- врши политичка контрола и надзор над Владата и над другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието;*

*- дава амнестија и*

*- врши други работи утврдени со Уставот.*

*Собранието за вршење на работите од својата надлежност донесува и одлуки, декларации, резолуции, препораки и заклучоци.*

*Организацијата и функционирањето на Собранието на Република Македонија и на работните тела на Собранието се утврдуваат со Деловник што Собранието го донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Со оглед на тоа што законодавната дејност е основна дејност на Собранието, во Деловникот е прецизно уредена постапката за разгледување и донесување на законите и другите акти. Исто така, со Деловникот се уредени инструментите и постапката преку кои Собранието врши политичка контрола и надзор врз работата на органите на извршната власт, како и други прашања што произлегуваат од уставните надлежности на Собранието.*

# 2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

# 2.1. ИЗБОРНИ РЕЗУЛТАТИ

Петтите парламентарни избори во Република Македонија се одржаа на 5 јули 2006 година. Гласањето се одвиваше во шест изборни единици по пропорционалниот модел.

Во шесте изборни единици, односно на **2973** избирачки места, од вкупно евидентираните **1.741.449** избирачи во Република Македонија своето гласачко право го остварија **933.089** избирачи односно **53,58%.**

На **135** кандидатски листи, предложени се и утврдени **2700** кандидати за избор на пратеници од **26** политички партии**, 7** коалиции и **2** листи на група избирачи.

**Изборна единица број 1**

Во првата изборна единица се утврдени **29** листи на кандидати за пратеници и тоа **23** самостојни листи на политички партии и **6** листи на коалиции со вкупно **580** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **290 584** избирачи во избирачкиот список на **429** избирачки места гласале **162.199** избирачи, односно **55,82%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, ЛП, СПМ, ДС, ПДТМ, СРМ, СДА, ПВМ, ЕПМ, ПЗ, НДМ, БДП, ПДСРМ и ПИР" освои **7** пратенички места, коалицијата "За Македонија заедно" **5** пратенички места, Нова социјалдомакратска партија **- 2**, Демократската партија на Албанците - **2**, коалицијата ДУИ-ПДП - **2**, Демократска обнова на Македонија - **1** и ВМРО-Народна партија **едно** пратеничко место.

**Изборна единица број 2**

Во втората изборна единица се утврдени **25** листи на кандидати за пратеници и тоа **19** самостојни листи на политички партии и **6** листи на коалиции со вкупно **500** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **295.523** избирачи во избирачкиот список на **381** избирачки места гласале **152.443** избирачи, односно **51,58%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, ЛП, СПМ, ДС, ПДТМ, СРМ, СДА, ПВМ, ЕПМ, ПЗ, НДМ, БДП, ПДСРМ и ПИР" освои **7** пратенички места, коалицијата "За Македонија заедно" **5** пратенички места, Нова социјалдомакратска партија **- 2**, Демократската партија на Албанците - **2**, коалицијата ДУИ-ПДП - **3** и ВМРО- Народна партија **едно** пратеничко место.

**Изборна единица број 3**

Во третата изборна единица се утврдени **20** листи на кандидати за пратеници и тоа **15** самостојни листи на политички партии и **5** листи на коалиции со вкупно **400** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **285.166** избирачи во избирачкиот список на **625** избирачки места гласале **176.371** избирачи, односно **61,85%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, ЛП, СПМ, ДС, ПДТМ, СРМ, СДА, ПВМ, ЕПМ, ПЗ, НДМ, БДП, ПДСРМ и ПИР" освои **10** пратенички места, Коалицијата "За Македонија заедно" **7** пратенички места, Нова социјалдомакратска партија **- 1** и ВМРО- Народна партија **2** пратенички места.

**Изборна единица број 4**

Во четвртата изборна единица се утврдени **20** листи на кандидати за пратеници и тоа **14** самостојни листи на политички партии, **4** листи на коалиции и **1** на група граѓани со вкупно **400** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **285.748** избирачи во избирачкиот список на **558** избирачки места гласале **184.173** избирачи, односно **64,45%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, ЛП, СПМ, ДС, ПДТМ, СРМ, СДА, ПВМ, ЕПМ, ПЗ, НДМ, БДП, ПДСРМ и ПИР" освои **11** пратенички места, коалицијата "За Македонија заедно" **7** пратенички места, Нова социјалдомакратска партија **- 1** и ВМРО- Народна партија **1** пратеничко место.

**Изборна единица број 5**

Во петтата изборна единица се утврдени **22** листи на кандидати за пратеници и тоа **15** самостојни листи на политички партии, **6** листи на коалиции и **1** на група граѓани со вкупно **440** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **284.894** избирачи во избирачкиот список на **548** избирачки места гласале **158.118** избирачи односно **55,50%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, ЛП, СПМ, ДС, ПДТМ, СРМ, СДА, ПВМ, ЕПМ, ПЗ, НДМ, БДП, ПДСРМ и ПИР" освои **8** пратенички места, коалицијата "За Македонија заедно" **6** пратенички места, Демократската Партија на Албанците - **1**, коалицијата ДУИ-ПДП - **2,** Нова социјалдомакратска партија **- 1,** Партијата за европска иднина - ПЕИ **- 1** и ВМРО- Народна партија **1** пратеничко место.

**Изборна единица број 6**

Во шестата изборна единица се утврдени **18** листи на кандидати за пратеници и тоа **13** самостојни листи на политички партии и **5** листи на коалиции со вкупно **360** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **299.534** избирачи во избирачкиот список на **435** избирачки места гласале **141.587** избирачи, односно **47,27%.**

Според резултатите Коалицијата ДУИ-ПДП освои **10** пратенички места, Демократската партија на Албанците - **6**, коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, ЛП, СПМ, ДС, ПДТМ, СРМ, СДА, ПВМ, ЕПМ, ПЗ, НДМ, БДП, ПДСРМ и ПИР" освои **2** пратенички места и коалицијата "За Македонија заедно" **2** пратенички места.

| Реден број | Кандидатска листа | Број на добиени мандати во изборната единица број | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | |
| 1. | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО); ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА; СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА; ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ; ПАРТИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА; СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА; СТРАНКА НА ДЕМОКРАТСКА АКЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-СДА; ПАРТИЈА НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА; ЕВРОПСКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА; ПАРТИЈА НА ЗЕЛЕНИТЕ; НАРОДНО ДВИЖЕЊЕ ЗА МАКЕДОНИЈА; БОШЊАЧКА ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА; ПАРТИЈА НА ДЕМОКРАТСКИТЕ СИЛИ НА РОМИТЕ НА МАКЕДОНИЈА; ПАРТИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ | 7 | 7 | 10 | 11 | 8 | 2 | 45 |
| 2. | Коалиција ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО | 5 | 5 | 7 | 7 | 6 | 2 | 32 |
| 3. | ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА (ДУИ), ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ (ПДП) | 2 | 3 | - | - | 2 | 10 | 17 |
| 4. | ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ (ДПА) | 2 | 2 | - | - | 1 | 6 | 11 |
| 5. | НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | - | 7 |
| 6. | ВМРО-НАРОДНА ПАРТИЈА | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | - | 6 |
| 7. | ДОМ - ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА | 1 | - | - | - | - | - | 1 |
| 8. | ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА - ПЕИ | - | - | - | - | 1 | - | 1 |
| | ВКУПНО: | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | 120 |

**Извор на податоците:** Извештаи за спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2006 година, Државна изборна комисија.

## Петти парламентарни избори
## 05 јули 2006 година - Изборни резултати

| Изборна единица | Број на избирачки места | Вкупен број на запишани избирачи во ЕИС | Вкупно гласале % | Неважечки ливчиња | Кандидатска листа | Добиени гласови | Број на мандати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број 1 Кисела Вода** | **429** | **290.584** | **162.199 55,82%** | **7.538** | НСДП | 12.549 | **2** |
| | | | | | Коалиција ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО | 34.688 | **5** |
| | | | | | ДОМ | 6.800 | **1** |
| | | | | | ДПА | 13.126 | **2** |
| | | | | | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ; ЛПМ; СПМ; ДС; ПДТМ; СРМ; СДА; ПВМ; ЕПМ; ПЗ; НДМ; БДП; ПДСРМ и ПИР | 48.170 | **7** |
| | | | | | ВМРО-НП | 7.406 | **1** |
| | | | | | ДУИ; ПДП | 16.779 | **2** |
| **Број 2 Куманово** | **381** | **295.523** | **152.443 51,58%** | **6.312** | ДУИ; ПДП | 19.469 | **3** |
| | | | | | ДПА | 12.500 | **2** |
| | | | | | Коалиција ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО | 29.012 | **5** |
| | | | | | НСДП | 10.887 | **2** |
| | | | | | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ; ЛПМ; СПМ; ДС; ПДТМ; СРМ; СДА; ПВМ; ЕПМ; ПЗ; НДМ; БДП; ПДСРМ и ПИР | 39.543 | **7** |
| | | | | | ВМРО-НП | 9.044 | **1** |
| **Број 3 Штип** | **625** | **285.166** | **176.371 61,85%** | **8.225** | ВМРО-НП | 15.311 | **2** |
| | | | | | НСДП | 12.338 | **1** |
| | | | | | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ; ЛПМ; СПМ; ДС; ПДТМ; СРМ; СДА; ПВМ; ЕПМ; ПЗ; НДМ; БДП; ПДСРМ и ПИР | 70.202 | **10** |
| | | | | | Коалиција ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО | 47.063 | **7** |
| **Број 4 Струмица** | **558** | **285.748** | **184.173 64,45%** | **6.725** | НСДП | 7.404 | **1** |
| | | | | | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ; ЛПМ; СПМ; ДС; ПДТМ; СРМ; СДА; ПВМ; ЕПМ; ПЗ; НДМ; БДП; ПДСРМ и ПИР | 79.656 | **11** |
| | | | | | ВМРО-НП | 11.623 | **1** |
| | | | | | Коалиција ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО | 57.230 | **7** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број 5 Битола** | **548** | **284.894** | **158.118 55,50%** | **6.179** | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ; ЛПМ; СПМ; ДС; ПДТМ; СРМ; СДА; ПВМ; ЕПМ; ПЗ; НДМ; БДП; ПДСРМ и ПИР | 55.657 | **8** |
| | | | | | НСДП | 9.071 | **1** |
| | | | | | ВМРО-НП | 10.997 | **1** |
| | | | | | ПЕИ | 6.459 | **1** |
| | | | | | Коалиција ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО | 37.412 | **6** |
| | | | | | ДУИ; ПДП | 13.424 | **2** |
| | | | | | ДПА | 7.561 | **1** |
| **Број 6 Тетово** | **435** | **299.534** | **141.587 47,27%** | **2.894** | ДУИ; ПДП | 61.144 | **10** |
| | | | | | ДПА | 36.408 | **6** |
| | | | | | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ; ЛПМ; СПМ; ДС; ПДТМ; СРМ; СДА; ПВМ; ЕПМ; ПЗ; НДМ; БДП; ПДСРМ и ПИР | 11.344 | **2** |
| | | | | | Коалиција ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО | 13.058 | **2** |
| **Вкупно:** | **2.976** | **1.741.449** | **974.891** | **37.873** | | **823.335** | **120** |

## 2.2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

***Првата конститутивна седница на Собранието на Република Македонија со новиот парламентарен состав, се одржа на 26 јули 2006 година. На седницата, како најстар пратеник претседаваше Стојан Андов од Либералната партија на Македонија.***

***За претседател на Собранието беше избран Љубиша Георгиевски од ВМРО-ДПМНЕ, а на седницата на Собранието, одржана на 30 ноември 2006 година за потпретседатели на Собранието се избрани Иван Анастасовски од Нова Социјалдемократска партија и Бесим Догани од Демократската партија на Албанците.***

***По оставката на Иван Анастасовски, на седницата на Собранието одржана на 25 декември 2007 година, за потпретседател на Собранието е избран Благој Зашов.***

# ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

| реден број | име и презиме | пратеничка група | промени |
|---|---|---|---|
| 1. | Авировиќ Владанка | СПМ | |
| 2. | Адеми Џеват | ДУИ | |
| 3. | Ајдини Насер | ДПА | |
| 4. | Алити Рафиз | ДУИ | |
| 5. | Анастасовски Иван | НСДП | |
| 6. | Андов Стојан | ЛП | |
| 7. | Арифи Теута | ДУИ | |
| 8. | Ахмети Али | ДУИ | |
| 9. | Бендевска Весна | СДСМ | |
| 10. | Беџети Бљерим | ПДП | |
| 11. | Божиновска Валентина | ВМРО-НП | од 30.07.2007 независен пратеник |
| 12. | Бонева Силвана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 13. | Бучковски Владо | СДСМ | |
| 14. | Буџаку Агрон | ДУИ | |
| 15. | Вејсели Абдулади | ПДП | |
| 16. | Велиу Фазли | ДУИ | |
| 17. | Вељановски Трајко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 18. | Витанов Зоран | СПМ | од 18.03.2008 независен пратеник |
| 19. | Георгиевскаи Љубиша | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 20. | Георгиевски Љубчо | ВМРО-НП | |
| 21. | Герамитчиоски Тале | СДСМ | |
| 22. | Гечев Илија | СДСМ | 25.08.2006 - оставка,<br>заменет со Киров Ацо |
| 23. | Гинев Јован | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 24. | Грковска Славица | СДСМ | |
| 25. | Грозданов Цветко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 26. | Груевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | 26.08.2006- избран Премиер на Владата,<br>заменет со Спасеновски Александар |
| 27. | Дамески Панче | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 28. | Даневски Томе | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 29. | Деркоски Оливер | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 30. | Димеска Катерина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 31. | Димитровски Ратко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 32. | Димовски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 33. | Догани Бесим | ДПА | |
| 34. | Додовски Марјан | ВМРО-НП | |
| 35. | Дончев Данаил | ВМРО-НП | |
| 36. | Дулиќ Благородна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 37. | Дураку Садула | ДУИ | |
| 38. | Гелова Стојанова Соња | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 39. | Ѓорѓеска Ружа | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 40. | Ѓорчев Владимир | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 41. | Жерновски Андреј | ЛП | |
| 42. | Зашов Благој | НСДП | |
| 43. | Иванов Љубосав Ѕинго | СПМ | |
| 44. | Иванова Цветанка | СДСМ | |
| 45. | Иванова Јаготка | ВМРО-ДПМНЕ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 46. | Ивановски Игор | СДСМ | |
| 47. | Илоски Илија | СДСМ | 25.08.2006 - оставка, заменет со Гештаковски Кире |
| 48. | Јакимовска Светлана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 49. | Јакупи Зумрете | ДУИ | |
| 50. | Јаневска Весна | ВМРО-НП | од 30.07.2007 независен пратеник |
| 51. | Јанкуловски Живко | НСДП | 26.08.2006- избран за министер во Владата, заменет со Секуловска Мирјана |
| 52. | Јанкуловска Гордана | ВМРО-ДПМНЕ | 26.08.2006- избрана за министер во Владата, заменета со Георгиевски Веле |
| 53. | Јашари Аднан | ДУИ | |
| 54. | Каба Гарип | ДПА | |
| 55. | Кадри Флора | ДПА | |
| 56. | Китаноски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 57. | Китаноски Лазар | СДСМ | |
| 58. | Кондарко Борис | СДСМ | |
| 59. | Коњановски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | 26.08.2006- избран за министер во Владата, заменет со Кипаризовска Крстевска Анита |
| 60. | Коцев Ванчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 61. | Крстевски Зоран | ЛП | 26.08.2006- именуван за директор на ЈПАУ, заменет со Андоновска Марија -ВМРО-ДПМНЕ |
| 62. | Куновска Јагнула | НСДП | од 01.08.2007 пратеник на ВМРО-ДПМНЕ |
| 63. | Лалчевска Ристанка | ЛП | |
| 64. | Макрадули Јани | СДСМ | |
| 65. | Манасиевски Јован | ЛП | |
| 66. | Маркоски Гоце | ВМРО-ДПМНЕ | починат на 29.03.2008 заменет со Настевски Драган |
| 67. | Матоши Ружди | ДПА | |
| 68. | Мемети Влора | ДПА | 08.11.2006 - оставка, заменета со Рамадани Агим |
| 69. | Милошоски Антонио | ВМРО-ДПМНЕ | 26.08.2006- избран за министер во Владата, заменет со Димитриевски Дарко |
| 70. | Мисовски Горан | НСДП | |
| 71. | Митановски Веле | НСДП | |
| 72. | Митрева Илинка | СДСМ | |
| 73. | Младеновска Георгиевска Мери | СДСМ | |
| 74. | Мустафа Неждет | СДСМ | |
| 75. | Најдовски Слободан | ЛДП | |
| 76. | Незири Хади | ДПТМ | |
| 77. | Незировиќ Сафет | ПДП | |
| 78. | Николов Маријанчо | СДСМ | |
| 79. | Николовски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 80. | Оровчанец Ѓорѓи | ВМРО-НП | од 01.03.2007 независен пратеник |
| 81. | Пачемски Миле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 82. | Пенов Ристо | ЛДП | |
| 83. | Петковски Тито | НСДП | |
| 84. | Петров Горан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 85. | Положани Азис | ДУИ | |
| 86. | Поп Арсов Петар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 87. | Поповска Лилјана | ДОМ | |
| 88. | Поповски Никола | СДСМ | |
| 89. | Рахиќ Есад | СДСМ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 90. | Реџепи Даут | ДПА | |
| 91. | Рилкоски Никола | СДСМ | |
| 92. | Салиу Селвие | ДУИ | |
| 93. | Салиу Шабан | СРМ | од 18.10.2007 пратеник на Демократски сили на Ромите |
| 94. | Селмани Ајше | ДУИ | |
| 95. | Селмани Елмазе | ДПА | |
| 96. | Селмани Имер | ДПА | 26.08.2006- избран за министер во Владата, заменет со Хазбие Ибиши |
| 97. | Серафимов Влатко | СДСМ | |
| 98. | Славески Трајко | ВМРО-ДПМНЕ | 26.08.2006- избран за министер во Владата, заменет со Петрески Зоран |
| 99. | Спасовски Оливер | СДСМ | |
| 100. | Станчевска Нада | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 101. | Стефановска Анета | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 102. | Стоиљковиќ Иван | ДПСМ | |
| 103. | Стојанов Ристо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 104. | Сулејмани Фадил | ДУИ | од 25.10.2006 независен пратеник |
| 105. | Танчева Тулиева Надица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 106. | Тачи Мендух | ДПА | |
| 107. | Ташева Виолета | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 108. | Топузова Каревска Роза | ЛДП | |
| 109. | Трајанов Павле | ДС | |
| 110. | Ќурчиев Никола | СДСМ | |
| 111. | Филипова Верица | СДСМ | |
| 112. | Хани Тахир | ДУИ | |
| 113. | Хасипи Кенан | ДПТМ | |
| 114. | Цаноски Фијат | ПЕИ | |
| 115. | Цветковска Благородна | СДСМ | |
| 116. | Чингоски Влатко | ВМРО-ДПМНЕ | 26.08.2006- именуван за директор, заменет со Стојче Крстевски |
| 117. | Џафери Арбен | ДПА | |
| 118. | Шамбевски Оливер | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 119. | Шеќеринска Радмила | СДСМ | |
| 120. | Шутаров Васко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 121. | Киров Ацо | СДСМ | 14.09.2006 наместо Илија Гечев |
| 122. | Гештаковски Кире | СДСМ | 14.09.2006 наместо Илија Илоски од 22.10.2007 пратеник на Партијата на слободни демократи |
| 123. | Спасеновски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | 14.09.2006 наместо Груевски Никола |
| 124. | Георгиевски Веле | ВМРО-ДПМНЕ | 14.09.2006 наместо Јанкуловска Гордана |
| 125. | К. Крстевска Анита | ВМРО-ДПМНЕ | 14.09.2006 наместо Коњановски Зоран |
| 126. | Димитриевски Дарко | ВМРО-ДПМНЕ | 14.09.2006 наместо Милошоски Антонио |
| 127. | Петрески Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | 14.09.2006 наместо Славески Трајко |
| 128. | Секуловска Мирјана | НСДП | 14.09.2006 наместо Јанкуловски Живко од 22.02.2008 пратеник на ВМРО-ДПМНЕ |
| 129. | Хазбие Ибиши | ДПА | 14.09.2006 наместо Селмани Имер |
| 130. | Крстевски Стојче | ВМРО-ДПМНЕ | 29.09.2006 наместо Чингоски Влатко |
| 131. | Андоновска Марија | ВМРО-ДПМНЕ | 29.09.2006 наместо Крстевски Зоран |
| 132. | Рамадани Агим | ДПА | 24.11.2006 наместо Влора Мемети |
| 133. | Настевски Драган | ВМРО-ДПМНЕ | 09.04.2008 наместо Гоце Марковски |

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)


Силвана Бонева


Трајко Вељановски


Гелова Стојанова Соња


Љубиша Георгиевски


Јован Гинев


Цветко Грозданов


Дарко Димитриевски


Панче Дамески


Томе Даневски


Оливер Деркоски


Катерина Димеска


Ратко Димитровски


Илија Димовски


Благородна Дулиќ


Ружа Ѓорѓеска


Владимир Ѓорчев


Јаготка Ивановска


Светлана Јакимовска


Марија Андоновска


Илија Китановски


Веле Ѓорѓиевски


Ванчо Коцев


Гоце Маркоски


Анита Кипаризовска-Крстевска


Александар Николоски

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)


Миле Пачемски


Горан Петров


Петар Поп Арсов


Стојче Крстевски


Нада Станчевска


Анета Стефановска


Ристо Стојанов


Танчева Тулиева Надица


Виолета Ташева


Зоран Петрески


Шамбевски Оливер


Васко Шутаров


Александар Спасеновски

## Социјалистичка партија на Македонија (СПМ)



Владанка Авировиќ



Зоран Витанов



Љубосав Иванов - Ѕинго

## Либерална партија (ЛП)



Стојан Андов



Ристанка Лалчевска

## Нова Социјал-демократска партија (НСДП)



Иван Анастасовски



Благој Зашов



Живко Јанкуловски



Јагнула Куновска



Горан Мисовски



Веле Митановски



Тито Петковски



Мирјана Секуловска

## Демократска партија на албанците (ДПА)


Насер Ајдини


Бесим Догани


Гарип Каба


Флора Кадри


Ружди Матоши


Даут Реџепи


Ибиши Хазбије


Елмазе Селмани


Мендух Тачи


Арбен Џафери


Агим Рамадани

## ВМРО-Народна партија (ВМРО-НП)


Валентина Божиновска


Љубчо Георгиевски


Данаил Дончев


Марјан Додовски


Весна Јаневска


Ѓорѓи Оровчанец

## Движење за обнова на Македонија (ДОМ)



Лилјана Поповска

## Демократски сојуз (ДС)



Павле Трајанов

## Партија за европска иднина (ПЕИ)



Фијат Цановски

## Сојуз на Ромите



Шабан Салиу

## Социјал-демократски сојуз на Македонија (СДСМ)


Никола Поповски


Есад Рахиќ


Никола Рилкоски


Влатко Серафимов


Оливер Спасовски


Радмила Шекеринска


Никола Ќуркчиев


Верица Филипова


Тале Герамитчиоски


Благородна Цветковска


Цветанка Иванова


Весна Бендевска


Владо Бучковски


Борис Кондарко


Славица Грковска


Илинка Митрева


Игор Ивановски


Мери Младеновска-Ѓорѓиевска


Марјанчо Николов


Јани Макрадули


Лазар Китановски


Ацо Киров


Кире Гештаковски

## ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА



Хади Незири



Кенан Хасипи

## ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА СРБИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА



Иван Стоилковиќ

## ОБЕДИНЕТА ПАРТИЈА ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ



Неждет Мустафа

## ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА (ЛДП)



Андреј Жерновски



Јован Манасиевски



Слободан Најдовски



Ристо Пенов



Роза Топузова-Каревска

## Демократска унија за интеграција (ДУИ)


Џеват Адеми


Рафис Алити


Теута Арифи


Агрон Буџаку


Фазли Велиу


Садула Дураку


Зумрете Јакупи


Аднан Јашари


Азис Положани


Селвие Салиу


Ајше Селмани


Тахир Хани


Али Ахмети

## Независен пратеник


Фадил Сулејмани

## Партија за демократски просперитет (ПДП)


Блерим Беџети


Абдулади Вејсели


Сафет Незири

## Промени во пратеничкиот состав 2006-2008

| Реден број | Скратен назив | Назив на пратеничката група | Број на пратеници | |
|---|---|---|---|---|
| | | | На почеток на мандатниот период | На крајот на мандатниот период |
| 1 | **ВМРО-ДПМНЕ** | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство | 37 | 40 |
| 2 | **ЛП** | Либерална партија | 3 | 2 |
| 3 | **СП** | Социјалистичка партија на Македонија | 3 | 2 |
| 4 | **ДС** | Демократски сојуз | 1 | 1 |
| 5 | **ДОМ** | Демократска обнова на Македонија | 1 | 1 |
| 6 | **СР** | Сојуз на Ромите | 1 | / |
| 7 | **ДПА** | Демократска партија на Албанците | 11 | 11 |
| 8 | **НСДП** | Нова Социјалдемократска партија | 7 | 5 |
| 9 | **ПЕИ** | Партија за европска иднина | 1 | 1 |
| 10 | **СДСМ** | Социјалдемократски сојуз | 23 | 22 |
| 11 | **ДУИ** | Демократска унија за интеграција | 14 | 13 |
| 12 | **ПДП** | Партија за демократски просперитет | 3 | 3 |
| 13 | **ЛДП** | Либерално демократска партија | 5 | 5 |
| 14 | **ДПСМ** | Демократска партија на Србите од Македонија | 1 | 1 |
| 15 | **ДПТМ** | Демократска партија на Турците на Македонија | 2 | 2 |
| 16 | **ОПЕ** | Обединета партија за еманципација | 1 | 1 |
| 17 | **ВМРО-НП** | ВМРО-Народна партија | 6 | 3 |
| 18 | **НП** | Независни пратеници | / | 4 |
| 19 | **ДСР** | Демократски сили на Ромите | / | 1 |
| 20 | **НА** | Нова алтернатива | / | 1 |
| 21 | **ПСД** | Партија на слободни демократи | / | 1 |
| **ВКУПНО:** | | | **120** | **120** |

## 2.3. Етничка структура на пратеници

| година | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Бошњаци | | Власи | | други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 2006 | 85 | 70,83 | 28 | 23,3 | 2 | 1,66 | 2 | 1,66 | 1 | 0,83 | 1 | 0,83 | / | | 1 | 0,83 |
| 2008 | 84 | 70 | 28 | 23,3 | 2 | 1,66 | 2 | 1,66 | 1 | 0,83 | 1 | 0,83 | 1 | 0,83 | 1 | 0,83 |

## 2.4. Полова структура на пратеници

| година | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % |
| 26.07.2006 | 85 | 70,83 | 35 | 29,16 |
| 12.04.2008 | 84 | 70 | 36 | 30 |

## 2.5. Старосна структура на пратеници

| пратеници | под 30 | | 31-40 | | 41-50 | | 51-60 | | Над 61 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 26.07.2006 | 4 | 3,33 | 29 | 24,16 | 56 | 46,66 | 23 | 19,16 | 8 | 6,6 |
| 12.04.2008 | 5 | 4,1 | 26 | 21,66 | 53 | 44,1 | 27 | 22,5 | 9 | 7,5 |

## 2.6. Образовна структура на пратеници

| образование | средно | | вишо | | високо | | постдипломско | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | д-р | м-р | спец |
| 26.07.2006 | 6 | 5 | 4 | 3,33 | 83 | 68,3 | 12 | 15 | / |
| 12.04.2008 | 8 | 6,66 | / | / | 77 | 64,1 | 15 | 16 | 4 |

# 3. СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕ

# 3. СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕ

## 3.1 СЕДНИЦИ

Седница на Собранието на Република Македонија свикува Претседателот на Собранието.

Претседателот на Собранието може да свика седница и по барање на Претседателот на Република Македонија, Владата на РМ и најмалку 20 пратеници. (табела 1)

Дневниот ред за седницата на Собранието го предлага претседателот на Собранието, а го утврдува Собранието на почетокот на седницата.

Во предлогот на дневниот ред претседателот на Собранието ги внесува сите прашања што до денот на свикувањето на седницата ги доставиле овластените предлагачи.

Со седницата претседава претседателот на Собранието, а во случај на негова спреченост, со седницата претседава еден од потпретседателите на Собранието.

Во периодот од 2006 до 2008 година петтиот парламентарен состав оддржа 115 седници и две комеморативни по повод смртта на првиот премиер на Република Македонија Никола Кљусев и смртта на пратеникот Гоце Марковски. (дијаграм 1)

**ТАБЕЛА 1:**

| **ИНИЦИЈАТИВА** | **Број на седници** |
|---|---|
| Со решение на Претседателот на Собранието на Република Македонија | 80 |
| По барање на Претседателот на Република Македонија | 2 |
| По барање на Владата на Република Македонија | 23 |
| По барање на најмалку 20 пратеници | 10 |
| **ВКУПНО** | **115** |

**ДИЈАГРАМ 1:**



* Времетраењето на седниците

| | 2006 | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **број на одржани седници** | 24 | 65 | 26 | 115 |
| **поставени точки** | 108 | 438 | 169 | 715 |
| **траење во денови** | 63 | 208 | 57 | 328 |
| **траење во часови** | 356 часа | 1207 часа | 258 часа | 1821 часа |

- Според бројот на работните денови, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е **6-та** седница со **21 работни дена** (103 часа и 05 минути).
- Според вкупниот број на работни часови, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е **14 -та** седница со **111 часа.**
- Според континуитетот, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е **114-та** седница, која траела **16 часа и 50 минути** односно од 13,10 часот - четврток до 05,30 часот следниот ден - петок.
- Според вкупниот број на работни часови, најкратка седница на Собранието на Република Македонија е **112-та** седница која траела **05 минути** - (од 11,50 до 11,55 часот).

* Вкупниот број на денови на седници на Собранието изнесува 328.

Во текот на тие работни денови остварени се:
вкупно присуства: 32.714
вкупно отсуства: 6.731 од кои:
- оправдани 5.679
- неоправдани 1.052

Согласно со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија на пратеник кој отсуствува најмалку три пати од седници на Собрание, а за тоа не го известил претседателот (неоправдано отсутен) му се одбива 5% од платата за секој ден отсуство.

Во мандатот 2006-2008 година казните во периоди изгледаат вака:



## 3.1.1 РАБОТНИ СЕДНИЦИ

На 88-те работни седници одржани во овој мандатен период беа поставени 715 точки од кои 12 останаа незавршени со 186 точки и тоа 106 закони, 19 одлуки, 1 декларација, 1 уставна измена, 2 програми, 2 плана, 1 завршна сметка, 1 иницијатива, 2 стратегии, 2 деловника, 1 заклучок, 27 автентични толкувања, 10 извештаи, 10 информации и 1 интерпелација. Во следната табела е прикажан видот на акти кои беа поставени на дневен ред на собраниските седници.

| реден број | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | недонесени | повлечени | прва фаза | нацрт закон | неосновани | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | закони | **463** | 293 | 5 | 35 | 24 | | | **106** |
| **2.** | одлуки | **167** | 142 | 1 | 5 | | | | **19** |
| **3.** | резолуции | **1** | 1 | | | | | | |
| **4.** | декларации | **3** | 2 | | | | | | **1** |
| **5.** | уставни измени | **1** | | | | | | | **1** |
| **6.** | информации | **12** | | 2 | | | | | **10** |
| **7.** | програми | **2** | | | | | | | **2** |
| **8.** | извештаи | **10** | | | | | | | **10** |
| **9.** | планови | **6** | 4 | | | | | | **2** |
| **10.** | интерпелации | **7** | | 5 | 1 | | | | **1** |
| **11.** | автентични толкувања | **32** | | 5 | | | | | **27** |
| **12.** | завршна сметка | **2** | 1 | | | | | | **1** |
| **13.** | иницијативи | **2** | 1 | | | | | | **1** |
| **14.** | национална стратегија | **3** | 1 | | | | | | **2** |
| **15.** | деловник | **2** | | | | | | | **2** |
| **16.** | заклучоци | **2** | | 1 | | | | | **1** |
| | **ВКУПНО** | **715** | **445** | **19** | **41** | **24** | | | **186** |

## 3.1.2 СЕДНИЦИ ЗА ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА

Одржани се 25 седници посветени на пратеничките прашања. Овие седници се одржуваа секој последен четврток во месецот.

| СЕДНИЦА | ДАТУМ НА ОДРЖУВАЊЕ |
|---|---|
| **22 седница** | 28.12.2006 година |
| **27 седница** | 25.01.2007 година |
| **32 седница** | 22.02.2007 година |
| **35 седница** | 29.03.2007 година |
| **41 седница** | 26.04.2007 година |
| **46 седница** | 31.05.2007 година |
| **54 седница** | 27.06.2007 година |
| **58 седница** | 26.07.2007 година |
| **66 седница** | 30.08.2007 година |
| **70 седница** | 25.10.2007 година |
| **84 седница** | 29.11.2007 година |
| **91 седница** | 21.01.2008 година |
| **103 седница** | 28.02.2008 година |
| **108 седница** | 27.03.2008 година |

По периоди изгледа вака:

| | 2006 | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **СЕДНИЦИ** | **1** | **10** | **3** | **14** |

## 3.1.3 ДРУГИ СЕДНИЦИ

**Обраќања - СЕДУМ**

**-24.10.2006 година - Претседателот на Република Хрватска Стипе Месиќ;**

-21.12.2006 година - Претседателот на Република Македонија Бранко Црвенковски;

**-26.11.2007 година - Претседателот на Парламентарното собрание на НАТО Жозе Лело;**

-19.12.2007 година - Претседателот на Република Македонија Бранко Црвенковски;

**-11.03.2008 година - Претседателот на Народното Собрание на Република Бугарија Георги Пирински;**

**-18.13.2008 година - Претседателот на Саборот на Република Хрватска Лука Бебиќ:**

**-24.10.2006 година - Претседавачот на Претставничкиот дом на Парламентот на Босна и Херцеговина Милорад Живковиќ.**

**Свечени - ТРИ**

-07.09.2006 година - Одбележување на 15 години независност на Република Македонија

-01.08.2007 година - Одбележување на Втори август - Илинден

-05.09.2007 година - Одбележување на годишнината од смртта на Мајка Тереза.

**Комеморативни - ДВЕ**

18.01.2008 година - Комеморативна седница по повод смртта на првиот претседател на Владата на Република Македонија Никола Кљусев

01.04.2008 година - Комеморативна седница по повод смртта на пратеникот Гоце Марковски

**Неусвоен дневен ред - ЕДНА**

-07.02.2008 година - На 101-та седница не се усвои дневниот ред.

## 3.2. ЗАКОНИ

Собранието, како законодавен орган, на неговите седници усвојува закони.

Право на предлагање закон има секој пратеник, Владата на Република Македонија и 10.000 избирачи.

Иницијатива за донесување закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.

Предлогот за донесување на закон се разгледува на седниците на надлежното работно тело, како и на другите работни тела во чиј делокруг спаѓаат прашања што се уредуваат со законот. Работните тела доставуваат извештај до Собранието во кој го изнесуваат својот став во однос на предлогот. Мислење доставува и Владата, доколку таа не е предлагач на законот.

Врз основа на заклучокот на Собранието, предлагачот подготвува Предлог на закон. Предлогот на закон повторно го разгледуваат работните тела кои го разгледувале во претходната фаза и доставуваат извештај на Собранието.

Во оваа фаза може да се поднесуваат амандмани на текстот на предложениот закон, од страна на секој пратеник, работно тело на Собранието и Владата.

За посложени и системски закони е можна уште една фаза - односно нацрт на закон пред изготвувањето на предлогот на законот.

Доколку не се работи за сложен и обемен закон, е можно тој да се донесе по скратена постапка односно предлог за донесување на закон, со предлог на закон.

По општата и амандманската расправа на пленарна седница на Собранието се гласа за донесување на законот ако присуствуваат мнозинство пратеници. Законите, по правило, се донесуваат со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку една третина од вкупниот број пратеници.

Законите се прогласуваат со указ кој го потпишува претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.

Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за потпишување на законот. Во тој случај, Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (апсолутно мнозинство), претседателот на Републиката е должен да го потпише указот. Претседателот е должен да го потпише указот и за прогласување на законите кои се донесени со двотретинско мнозинство.

Законите се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија"

**РАЗГЛЕДАНИ ЗАКОНИ - 293**




**РАЗГЛЕДАНИ ЗАКОНИ ПО ПЕРИОДИ**



Разгледани закони по седници

| седница | разгледани | донесени | недонесени | повлечени | 1 фаза | нацрт | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **04** | **2** | 1 | | 1 | | | |
| **06** | **2** | 2 | | | | | |
| **07** | **2** | 1 | | | | | 1 |
| **12** | **12** | 10 | 2 | | | | |
| **13** | **1** | 1 | | | | | |
| **14** | **14** | 14 | | | | | |
| **16** | **9** | 8 | 1 | | | | |
| **23** | **9** | 8 | 1 | | | | |
| **26** | **14** | 12 | 1 | | 1 | | |
| **28** | **5** | 5 | | | | | |
| **30** | **7** | 4 | | | 3 | | |
| **31** | **17** | 9 | | | 2 | | 6 |
| **34** | **25** | 16 | | | 5 | | 4 |
| **36** | **21** | 17 | | | 3 | | 1 |
| **37** | **1** | 1 | | | | | |
| **39** | **2** | 2 | | | | | |
| **40** | **5** | 5 | | | | | |
| **42** | **11** | 10 | | | | | 1 |
| **43** | **2** | 2 | | | | | |
| **44** | **15** | 15 | | | | | |
| **45** | **11** | 10 | | 1 | | | |
| **47** | **14** | 7 | | | 2 | | 5 |
| **49** | **15** | 14 | | | 1 | | |
| **53** | **19** | 16 | | | 1 | | 2 |
| **55** | **4** | 1 | | | | | 3 |
| **56** | **18** | 8 | | | | | 10 |
| **65** | **18** | 10 | | 8 | | | |
| **67** | **15** | 12 | | | 3 | | |
| **69** | **24** | 6 | | 14 | 1 | | 3 |
| **71** | **2** | 2 | | | | | |
| **75** | **1** | 1 | | | | | |
| **76** | **26** | 20 | | 3 | | | 3 |
| **78** | **14** | | | 4 | | | 10 |
| **80** | **1** | 1 | | | | | |
| **82** | **2** | 2 | | | | | |
| **88** | **11** | 5 | | | | | 6 |
| **90** | **24** | 2 | | 1 | | | 21 |
| **93** | **15** | 12 | | 2 | 1 | | |
| **94** | **5** | 3 | | 1 | | | 1 |
| **95** | **1** | | | | 1 | | |
| **97** | **9** | 9 | | | | | |
| **98** | **12** | 2 | | | | | 10 |
| **100** | **5** | 3 | | | | | 2 |
| **104** | **16** | 4 | | | | | 12 |
| **113** | **5** | | | | | | 5 |
| **135** | 17 | 15 | | | | | 2 |
| **136** | 1 | 1 | | | | | |
| **вкупно** | **463** | **293** | **5** | **35** | **24** | | **106** |

## 3.2.1. Закони по постапка на донесување




**РАЗГЛЕДАНИ ЗАКОНИ ПО ПЕРИОДИ**



## 3.2.2. Закони по предлагачи




**РАЗГЛЕДАНИ ЗАКОНИ ПО ПЕРИОДИ**



## 3.2.3. Недонесени и повлечени закони




НЕДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ

| | 2006 | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **влада** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **пратеници** | 0 | 5 | 0 | 5 |
| **ВКУПНО** | 0 | 5 | 0 | 5 |

ПОВЛЕЧЕНИ ЗАКОНИ

| | 2006 | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **влада** | 1 | 7 | 8 | 15 |
| **пратеници** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | 1 | 7 | 8 | 15 |

## 3.2.4. Одлуки

Донесени одлуки по предлагачи




Донесени одлуки по постапка



## 3.2.5. Одлуки во судство и обвинителство

Донесени одлуки по предлагачи




Донесени одлуки по постапка




Недонесени и повлечени одлуки

| | 2006 | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| недонесени | 0 | 2 | 0 | **2** |
| повлечени | 0 | 3 | 0 | **3** |
| **ВКУПНО** | 0 | 5 | 0 | **5** |

## 3.2.6. Други акти

_____ други акти донесени 2006-2008




неусвоени акти 2006-2008



## 3.3. Амандмани

Предлогот за изменување или дополнување на предлогот на законот се поднесува во форма на амандман.

Амандман може да поднесе секој пратеник во Собранието, работно тело, Владата и најмалку 10.000 избирачи.

Амандманот се поднесува до претседателот на Собранието во писмена форма и мора да биде образложен и потпишан од предлагачот.

Амандман се поднесува најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

По исклучок амандман може да се поднесе во текот на претресот по предлогот на законот, ако со него се врши усогласување на одредбите во текстот што се измениле поради претходно усвојување на еден или повеќе амандмани.

Кога законот се донесува по итна постапка или на итна седница, амандмани можат да се поднесуваат до завршувањето на претресот.

Амандманот се усвојува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број пратеници, без оглед на мнозинството гласови потребно за донесување на законот, утврдено со Уставот.

Амандманот на подносителот на предлогот на законот и амандманот со кој тој се согласил се смета за составен дел на предлогот на законот




| период | поднесени | усвоени | неусвоени | повлечени |
|---|---|---|---|---|
| 2006 | **430** | 164 | 196 | 70 |
| 2007 | **2184** | 757 | 807 | 620 |
| 2008 | **458** | 207 | 158 | 93 |
| **ВКУПНО** | **3072** | **1128** | **1161** | **783** |

Амандмани по предлагачи




| ***предлагачи*** | ***поднесени*** | ***усвоени*** | ***неусвоени*** | ***повлечени*** |
|---|---|---|---|---|
| *Влада на РМ* | **375** | 372 | - | 3 |
| *Комисии* | **355** | 344 | 11 | - |
| *Пратеници* | **2321** | 393 | 1150 | 778 |
| *Предлагачи* | **21** | 19 | - | 2 |
| ***Вкупно*** | ***3072*** | ***1128*** | ***1161*** | ***783*** |

## 3.4. Пратенички прашања

| мандатен период | | 2006 | 2007 | 2008 | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| број на пратеници кои поставиле пратеничко прашање | | 16 | 110 | 42 | 168 |
| број на одржани седници | | 1 | 10 | 3 | 14 |
| поставени пратенички прашања | политички систем | 23 | 117 | 42 | 182 |
| | економски систем | 16 | 147 | 58 | 221 |
| | јавни дејности | 13 | 108 | 32 | 153 |
| одговорени пратенички прашања | политички систем | 17 | 96 | 31 | 144 |
| | економски систем | 8 | 122 | 34 | 164 |
| | јавни дејности | 11 | 85 | 22 | 118 |
| неодговорени пратенички прашања | политички систем | 6 | 21 | 11 | 38 |
| | економски систем | 8 | 25 | 24 | 57 |
| | јавни дејности | 2 | 23 | 10 | 35 |

# 4. РАБОТНИ ТЕЛА НА СОБРАНИЕТО

# 4. РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.1 РАБОТНИ ТЕЛА

*Во мандатниот период 2006-2008 година Собранието на Република Македонија расправаше по повеќе стотини законски предлози, извештаи, декларации, резолуции и други општи акти, сврзани со уставните надлежности на Собранието како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во државата. За оваа цел, Собранието на Република Македонија основа постојани работни тела, со надлежности во одредена област, а за извршување на посебни задачи повремени работни тела.*

*Со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 97/2006 и 10/2007), Собранието на Република Македонија основаше 20 комисии.*

### 4.1.1. Состав на работните тела

Составот на комисиите од редот на пратениците е утврден со Одлука на Собранието, во зависност од бројот на пратеничките групи и бројот на пратениците во пратеничките групи. Со цел да се обезбеди поголема стручност и транспарентност, во работата на комисиите може да се покануваат научни, стручни и јавни работници, како и претставници на локалната самоуправа, јавните претпријатија, синдикатот и други институции.
Работното тело има претседател, заменик на претседателот, одреден број на членови и нивни заменици

| РАБОТНО ТЕЛО | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ |
|---|---|
| Комисија за уставни прашања | претседател + 16 члена и нивни заменици |
| Законодавно - правна комисија | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за одбрана и безбедност | Претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за надворешна политика | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за европски прашања | претседател+ 11 члена и нивни заменици |
| Комисија за прашања на изборите и именувањата | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | претседател + 8 члена и нивни заменици |
| Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | претседател + 8 члена и нивни заменици |
| Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана | претседател + 4 члена и нивни заменици |
| Комисија за финансирање и буџет | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за економски прашања | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за транспорт, врски и екологија | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за образование, наука и спорт | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за култура | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за здравство | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за труд и социјална политика | претседател +12 члена и нивни заменици |
| Комисија за еднакви можности на жените и мажите | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања | претседател + 8 члена и нивни заменици |

## 4.1.2. Организација и функционирање на комисиите

Организацијата и функционирањето на работните тела на Собранието се утврдени во Деловникот за работата на Собранието на Република Македонија (донесен на 15 јули 2002 година).

Според Деловникот, работното тело работи на седница што ја свикува претседателот на работното тело. Претседателот е должен да свика седница и на барање на претседателот на Собранието, или ако тоа го предложат најмалку една третина од членовите на работното тело, во спротивно седницата на работното тело ја свикува претседателот на Собранието

## 4.1.3. Комисиите - форум за дебати во функција на седниците на Собранието

Работата на комисиите е во функција на пленарните седници, што претставува квалитетен инструмент за поефикасно и поквалитетно работење на Собранието. Покрај разгледувањето на законски предлози и следење на извршувањето на актите на Собранието, комисиите расправаат и на актуелни теми во областите за кои имаат надлежност, што претставува еден вид контролна функција на комисиите на реализацијата на владините политики. Карактеристика на комисиското работење во овој парламентарен состав се и јавните дебати.

Во периодот 2006 - 2008 година, собраниските комисии имаа вкупно 365 седници, на чии дневни редови се нашле 1178 точки. Од нив 816 се законски проекти, меѓу кои доминираат законите од економската сфера (339 закони), потоа политички систем (318 закони) и од јавните дејности (159 закони).

***Разгледани закони по области***



## КОМИСИСКА ДЕБАТА ВО ЕКОНОМСКАТА СФЕРА

Во комисиското работење во мандатот 2006 - 2008 година, доминирaa законските предлози и акти по прашања од областа на буџетот, финансиите, даночниот и банкарскиот систем на државата, но и други прашања од економски карактер, како што е земјоделството. Во оваа сфера за одбележување се расправите на работните тела по предлозите за донесување закони за: технолошки индустриски развојни зони, минерални суровини, рамномерен регионален развој, водите и за безбедност во железничкиот сообраќај. Новина во нормативата од економската сфера претставува донесувањето на новиот Закон за јавните набавки, потоа за банките, како и измените и дополнувањата на Законот за енергетика. Со донесувањето на овие закони се изврши и усогласување на нашето законодавство со директивите на Европската унија.

Работните тела ги разгледуваа предложените измени и дополнувања на законите кои ја регулираат даночната политика, како што се законите за данокот на: додадената вредност, персоналниот данок од доход и на данокот од добивка.

За одбележување е комисиската дебата по Предлогот за донесување закон за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Целта на предложениот закон е да се обезбеди спроведување на мерките на националната земјоделска политика и поддршка на руралниот развој на Република Македонија и користење на средства од претпристапните фондови на ЕУ.

Со воведувањето на Инструментот за претпристапна помош на Европската унија - ИПА, Република Македонија како земја со статус кандидат за членство во Унијата, ќе биде во можност да користи средства од ИПАРД фондот за рурален развој. Како услов поставен од ЕУ за користење на овие средства е претходно формирање на посебна институција, која по добивање на овластување од Европската комисија, ќе реализира проекти и програми со средства од националниот буџет, како и со средства од фондовите на ЕУ за земјоделство и рурален развој.

Покрај овие законски проекти, беа разгледувани и предлозите на буџетите за 2007година.

**Одржани дебати од економскиот систем по комисии**



# Комисиска дебата во сферата на политичкиот систем

Законската регулатива за која расправаа работните тела од областа на политичкиот систем беше во насока на спроведување на реформите во правосудниот систем, остварувањето на правата на граѓаните, одбраната и внатрешните работи.

Надлежните работни тела расправаа за Законот за полицијата, кој овозможува континуитет на започнатите реформи за демократизација на полицијата и нејзиното функционирање, како и реформи во насока на успешно справување со новите облици на криминалитет, особено на организираниот криминал. Со овој закон се воспоставија европските принципи за обезбедување на индивидуалните права, при што се земени предвид обврските на Република Македонија како членка на Советот на Европа за инкорпорирање на одредбите од Европскиот кодекс на полициската етика.

Во областа на правосудниот систем, комисиите дебатираа за законите за јавното обвинителство и за Советот на јавни обвинители на Република Македонија. Целта на овие закони е да се унапреди позицијата на јавните обвинители во системот на кривичната правда и зајакнување на нивната самостојност, заради што беа предизвик за широка и суштинска расправа.

Во законската регулатива во областа на правосудството за одбележување се комисиските расправи по законските предлози за: државното правобранителство, нотаријатот, како и за измените и дополнувањата на Законот за адвокатурата и на Законот за вонпарничната постапка. Со овие закони се овозможува продолжување на започнатата реформа во правосудниот систем на државата, како во делот на организационите прописи, така и во делот на судските постапки.

Особеност во комисиското работење беа дебатите во делот на човековите права. Законот за определување на дополнителен услов за вршење на јавна функција предизвика широка расправа, заради што во работата на надлежните комисии беа вклучени и претставници на здруженија на граѓани и експерти од оваа област. Новини во заштитата на човековите права претставуваат и законските решенија за малолетничка правда со кои се уредува заштитата на интересите на малолетните сторители на казниви дела и општествените мерки за елиминирање на овие дела.

Работните тела се произнесоа и по Законот за правната положба на црквата, верската заедница и религиозната група, а со измените и дополнувањата на Законот за владата, го поддржаа формирањето на Секретаријат за рамковниот договор при Владата на Република Македонија. Комисиска поддршка доби и Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, со кој се уредува работата на Комитетот



# Комисиска дебата во сферата на јавните дејности

Во овој мандат, доминантно место во работата на комисиите надлежни за јавните дејности имаа законите од областа на образованието, здравствената заштита, пензиското осигурување и социјалната заштита.

Од сферата на образованието беа разгледувани измените и дополнувањата на Законот за основното образование со кои беше предложено воведување на предметот веронаука како изборен предмет, односно можност учениците да избираат меѓу изучување на веронауката, историјата на религијата, етиката и граѓанската култура, врз основа на наставен план и програма.
Беа разгледани и поддржани измените и дополнувањата на Законот за средното образование, со кои во системот на образование се воведе задолжителното средно образование.

Во областа на високото образование, предмет на расправа пред надлежните работни тела беа измените и дополнувањата на Законот за високото образование, со кои се скратуваат долготрајните постапки и трошоците при нострификација на дипломи и еквиваленција на високообразовните квалификации.

По овие законски измени и дополнувања, Владата на Република Македонија поредложи нов Закон за високото образование, кој е дел од нашето усогласување со европското законодавство. За овој законски предлог беше организирана јавна расправа, на која учествуваа претставници на високообразовните институции во државата, студентски организации и други релевантни субјекти.

Во сферата на социјалната политика особено интересна комисиска дебата се водеше по: Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, со кој се заокружи процесот на реформата на пензискиот систем во Република Македонија; Законот за волонтерство, кој за прв пат нормативно ги уредува сите прашања околу волонтерството; Законот за мирно решавање на работните спорови, со кој се промовира и воспоставува медијацијата како механизам и средство за решавање на работните спорови, како дел од процесот на хармонизација на нашето законодавство на ЕУ и Законот за безбедност и здравје при работа.



## 2006-2008

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Измени на Уставот | Закони по области: Политички систем | Закони по области: Економски систем | Закони по области: Јавни дејности | Поднесени амандмани | Буџет, ребаланс, завршна с-ка | Други акти | Информации, извештаи | Прашања, предлози |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| уставни прашања | 1 | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 45 | 466 | 3 | 157 | 173 | 60 | 358 | 5 | 68 | - | - |
| одбрана и безбедност | 32 | 64 | - | 37 | - | 8 | 3 | 4 | 5 | 6 | 4 |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 36 | 80 | - | 64 | - | 5 | 1 | 4 | 5 | 2 | - |
| надворешна политика | 35 | 63 | - | 33 | 15 | 7 | 1 | 4 | 1 | 3 | - |
| европски прашања | 30 | 68 | - | 15 | 24 | 12 | - | 4 | 2 | 10 | 1 |
| прашања на изборите и именувањата | 29 | 85 | - | - | - | - | - | - | 11 | - | 74 |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | 10 | 16 | - | 1 | - | 3 | - | - | 8 | 4 | - |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 13 | 19 | - | 3 | 1 | 2 | - | 2 | - | 4 | 7 |
| финансирање и буџет | 6 | 11 | 1 | - | 9 | - | 1 | 1 | - | - | - |
| економски прашања | 23 | 56 | - | - | 44 | 1 | 18 | 5 | 5 | 1 | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 24 | 56 | - | - | 40 | - | 2 | 5 | 2 | 3 | 6 |
| транспорт, врски и екологоја | 25 | 72 | - | 3 | 33 | 8 | 9 | 4 | 17 | 7 | - |
| образование, наука и спорт | 24 | 39 | 1 | - | - | 22 | 9 | 4 | - | 6 | 6 |
| култура | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | 1 | 1 | - |
| здравство | 1 | 2 | - | - | - | 2 | - | - | - | - | - |
| труд и социјална политика | 25 | 41 | - | 2 | - | 27 | 7 | 5 | 4 | 3 | - |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 14 | 14 | - | - | - | - | - | - | 9 | 3 | 2 |
| еднакви можности на жените и мажите | 10 | 23 | - | 3 | - | 2 | 2 | 4 | 1 | 10 | 3 |
| **Вкупно:** | **365** | **1178** | **6** | **318** | **339** | **159** | **411** | **51** | **139** | **63** | **103** |

## 4.1.4. Јавните расправи - дебатен форум за актуелни теми

Карактеристика на комисиското работење беа јавните расправи, на кои во присуство на претставници на надлежните државни институции, установи и невладиниот сектор се водеше расправа за актуелни теми од општествено - политичкиот живот во државата. Предизвик за јавна дебата беа девијантните појави кај учениците, подготовките за започнување на деветгодишното основно образование и произлезените проблеми со учебниците, недостатокот на наставен простор, адаптацијата на училниците, како и финансиските проблеми околу исплатата на платите на наставниците.

На иницијатива на Здружението на жените оперирани од рак на дојка "Животна искра", беше одржана јавна расправа на тема: "Потребата од законско регулирање на раното откривање, дијагностицирањето и лекувањето на ракот на дојката кај жената". На расправата, учествуваа претставници од здравствената дејност кои непосредно учествуваат во лекувањето на малигните болести, од невладините организации кои располагаат со информации за состојбите на здравствен план и од надлежните министерства. На јавната расправа беше усвоен Заклучок, во кој е констатирана потребата од законско регулирање на раното откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката кај жената, односно дополнување на членот 32 од Законот за здравствената заштита со нови мерки и активности и со програма за рано откривање на ракот на дојката, како и обезбедување на буџетски средства за нивна реализација и користење средства од надворешни извори. Беше укажано и на потребата од формирање експертска работна група за подготовка на Национална програма за контрола на малигните заболувања.

Одржана е и јавна расправа на тема: "Избор на матичен гинеколог и значењето на редовните гинеколошки прегледи за превенција на малигните заболувања". Заложбите од оваа јавна расправа се реализираат преку **кампањата "Надмудри го ракот - биди здрава жена"**, која започна на 8 октомври 2007 година. Кампањата, која има за цел подигање на свеста на жената за правата за здравствена заштита, се спроведува преку работилници во населените места во државата. Во рамките на оваа кампања која продолжува и во 2008 година, до крајот на 2007 година се одржани околу 70 работилници, а резултатите од кампањата укажуваат на двојно зголемен одзив за прегледи од очекувањата, така што само за три месеца (октомври-декември 2007 година) вкупниот опфат на извршени прегледи изнесува околу 20.000 пап-тестови и 6.000 мамографски прегледи.

## 4.1.5. Нагласено учество на комисиите во меѓународните активности

Белег на меѓународната парламентарна активност во изминатиот двегодишен мандат претставува се понагласената улога и учество на собраниските комисии во работата на меѓународните институции и организации. Ова, особено се однесува на учеството на делегации на комисиите на конференциите на претседатели на комисии, кои, во изминатите две години се одржуваа во рамките на претседателствата на земјите претседавачи со Европската унија.

Во организација на Европскиот парламент, делегација на Комисијата за образование, наука и спорт, учествувуваше на колоквиумот на тема "Образование и млади - европска перспектива", што се одржа во Брисел. Целта на колуквиумот беше зајакнување на интерпарламентарната соработка во проширена Европа во доменот на образованието и културата, вклучително и во регионот на Западен Балкан. Од наша страна беше укажано на потребата од либерализација на визниот режим, кој претставува ограничување во комуникацијата и соработката во областа на образованието, младите и културата.

За одбележување е учеството на меѓународни форуми на парламентарни комисии, како што се: **меѓународниот форум за наука и технологија од Југоисточна Европа**, што се одржа во Букурешт, **III Светски форум за науката,** одржан во огранизација на УНЕСКО во Будимпешта, посветен на "Финансирањето од аспект на науката и технологијата" и други.

Комисисиите остварија и мноштво билатерални средби и разговори со соодветни комисии од повеќе европски земји.

**Учество во кампања на Советот на Европа**

Преку Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите, Собранието на Република Македонија активно се вклучи во кампањата на Парламентарното собрание на Советот на Европа "Здружени парламенти во борба против домашното насилство врз жената", која започна на 19 октомври 2006 година. Во рамките на оваа кампања беа реализирани бројни активности, а на предлог на Комисијата, Собранието на Република Македонија едногласно усвои "Декларација за борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство", со што се вклучи во одбележувањето на паневропскиот ден против насилството врз жените, 24 ноември 2006 година

### Регионална тркалезна маса

На иницијатива на Комисијата за образование, наука и спорт, на 5 и 6 јуни 2007 година во Собранието на Република Македонија се одржа регионална работилница, на тема: "Прилагодување на стручното образование кон потребите на пазарот на труд". Работилницата беше организирана во соработка со Пактот за стабилност за Југоисточна Европа и инструменот ТАИЕХ на Директоратот за проширување на ЕУ.

Улогата на националните парламенти во развојот на политиките, реформите и финансирањето на стручното образование беа темите на кои дебатираа претставници на парламентарните комисии за образование, агенциите за стручно образование, агенциите за вработување, стопанските комори и синдикалните организации на Македонија, Бугарија, Хрватска, Романија и Турција.

Работилницата заврши со усвојување на заедничка изјава на учесниците, со која се заложија за натамошно проширување на меѓусебните односи и поблиска соработка на планот на реформите во политиките на стручното образование и промоција, унапредување и поддршка на твининг програмите меѓу парламентарните комисии кои работат на образованието и вработувањето во регионот и меѓу парламентите во ЈИЕ. Учесниците побараа систематска ангажираност на парламентите на земјите во регионот во промовирањето на регионалната соработка и ефикасна употреба на механизмите на парламентарна контрола во процесот на реформи во стручното образование.



## 4.1.6. Усогласување со законодавството на ЕУ

Следењето на процесот на усогласувањето на македонското законодавсто со законодавството на Европската унија од парламентарен аспект е во делокругот на работата на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија.

Согласно со својата надлежност да ги следи активностите на Владата на Република Македонија, насочени кон стекнување на членство на Република Македонија во Европската унија и во врска со нив да дава мислења Комисијата расправаше по Предлогот на националната програма за усвојување на правото на Европската унија на Владата на Република Македонија, при што усвои мислење дека истата претставува концептуален и сеопфатен документ со кој се обезбедуваат јасни насоки за организација, координација и следење на активностите во процесот на приближување на националното законодавство кон европското законодавство.

Во извештајниот период Собранието на Република Македонија донесе **142** закони со кои се вршеше усогласувањето на македонското со европското законодавство. Комисијата расправаше само по позначајните законски предлози (64).

Во однос на остварувањето на парламентарната контрола врз работењето на Владата на Република Македонија во евроинтеграцискиот процес, како и за остварувањето на спогодбите и програмите и другите активности што Република Македонија ги има со ЕУ, вклучително и програмите, Комисијата редовно расправаше по тримесечните извештаи за текот на процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, доставени од Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија.

Комисијата дебатираше и по Акциониот план за ИПА фондовите, преку кои се користат средства за членство во Унијата и е еден од значајните инструменти во процесот на пристапување кон ЕУ, како и за издвоените буџетски средства за евроинтегративните процеси во Републиката за 2006, 2007 и 2008 година.

Претседателот на Собранието на Република Македонија, согласно со Декларацијата за поднесување барање на членство на Република Македонија во Европската унија ("Службен весник на Република Македонија" број 7/2004) на предлог на Комисијата за европски прашања свика две годишни седници посветени на евроинтеграциските процеси во земјата, на кои се расправаше по годишните извештаи за напредокот на Република Македонија за 2006 и за 2007 година, доставени од Европската комисија.

Во рамките на регионалната парламентарна соработка. а во функција на редовна размена на ставовите по однос на прашањата кои се однесуваат на Процесот на стабилизација и асоцијација (ПСА) Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија беше домаќин на Третата конференција на комисиите за европски прашања на земјите од Југоисточна Европа - КОСАП која се одржа од 13 до 14 декември 2006 година

| | 2006 | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **усогласени закони со ЕУ легислатива** | **10** | **113** | **19** | **142** |

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

## 5.1. ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (61 пратеник). Мандатот на претседателот на Собранието трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примената на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието.

Функцијата Претседател на Собранието е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

Претседателот на Собранието, г. Љубиша Георгиевски како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ на оваа функција беше избран на Првата конститутивна седница на Собранието одржана на 26 јули и 1 август 2006 година, по штотуку завршените петти парламентарни избори во Република Македонија и истата ја извршуваше се до 21 јуни 2008 година, односно до одржувањето на Првата конститутивна седница на новиот парламентарен состав избран на предвремените парламентарни избори одржани на 1 јуни 2008 година.

За време на извршувањето на функцијата претседател на Собранието на Република Македонија, г. Георгиевски дејствуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Македонија и остварување на една од темелните вредности владеењето на правото во Република Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската унија.

Господинот Љубиша Георгиевски, како претседателот на Собраниетио на Република Македонија во тековниот мандат на собранискиот состав 2006-2008 година свикал вкупно 114 седници.

Во остварувањето на неговите бројни со Уставот и со Деловникот утврдени надлежности, како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитување и отценување на уредноста на предлозите за донесување на закони и за распишување на референдум, како и планирање на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали;
- грижата за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Република Македонија и со Владата на Република Македонија;
- продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со

прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието;
- грижата за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа;
- продолжување на практиката на соработка и координирање со потпретседателите на Собранието и одлучување по прашања за: прием на претставници и делегации на параламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на постојани и повремени собраниски делегации во органите и организациите во странство и
- прифаќање на бројни лични и покровителства на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определување претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следи работата на Службата на Собранието и се грижи за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино посовремено и поефикасно работење, со примена на современата информатичка технологија, за што се користени искуствата од парламентите на повеќе држави.

Во насока на унапредување на ефикасноста на работата на Собранието на Република Македонија и јакнење на демократските принципи, особено значајни се четирите чија реализација во соработка со Националниот демократски институт (НДИ) беше започната во овој период, како и учеството на 26 пратеници и претставници на службата на Собранието на Република Македонија на Вилтон Парк Конференцијата во Лондон 24-27 јануари 2008 година.

Собранието на Република Македонија, покрај неговата примарна законодавна функција продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.

Претседателот на Собранието во овој период оствари и извонредно динамична меѓународната соработка со парламентарните, дипломатско конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

Претседателот, заедно со потпретседателите, одлучува за прием на делегации на парламентите на други држави и на претставници на други органи и организации од странство и за испраќање постојани и времени делегации во странство и ги координира активностите на Собранието, на работните тела, како и на делегациите, пратеничките групи за соработка со

други парламенти, мешовити работни групи и пратеници во остварувањето на меѓународната соработка.

Во делот на меѓународната соработка што ја оствари претседателот во изминатиот период може да се констатира извонредно големиот број средби и контакти, за кои кус осврт и преглед се дава во извештајот.

**Преглед на надворешно-политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски (26 јули 2006 - 12 април 2008)**

Средба со **Иван Вангелов**, поранешен амбасадор во Ватикан (28 август 2006);

Средба со **Лиана Думитреску**, пратеник во Романскиот парламент (29 август 2006);

Средба со новоименуваниот руски амбасадор **г. Солоцински В. Дмитриевич** (04 септември 2006);

Средба со **Зоран Поповиќ,** амбасадор на Република Србија (04 септември 2006);

Средба со **Хонгвеј Гао**, претставник на УНИЦЕФ ( 05 септенври 2006);

Средба со кинескиот амбасадор (11 септември 2006);

Средба со **Петра Блес**, претставник на Пактот за стабилност (11 септември 2006);

Средба со француската амбасадорка **г-ѓа Вероник Бижон** (11 септември 2006);

Средба со **Соломон Паси**, поранешен министер за надворешни работи на Р Бугарија, (14 септември 2006);

Средба со амбасадорот на Полска **Андреј Добржински** (18 септември 2006);

Средба со **Агим Чеку**, премиер на Косово (19 септември 2006);

Средба со **г-ѓа Мери Ан Рукавина Ципетиќ,** претставник на **Gender task Force** (20 септември 2006);

Средба со **Мирко Краљев,** советник во хрватската Амбасада (22 септември 2006);

Средба со **Улрих Клепман**, претставник на фондацијата Конрад Аденауер (22 септември 2006);

Средба со претставниците на ОБСЕ **Карлос Паиш и Сара Брајтон** (25 септември 2006);

Средба со амбасадорот на Австрија **Филип Хојос** (25 септември 2006);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Романија **Адриан Стефан Константинеску** (25 септември 2006);

Средба со амбасадорот на Молдавија **г. Вјечеслав Мадан** (28 септември 2006);

Средба со белгискиот амбасадор **г. Филип Беке** (28 септември 2006);

Средба со кардиналот од Хрватска **г. Винко Пулиќ** (30 септември 2006);

Средба со претставникот од ЕУ **г. Штефан Лене** (10 октомври 2006);

Средба со делегацијата на германскиот Бундестаг (13 октомври 2006);

Средба со **Ерхард Бусек** (17 октомври 2006);

Средба со **Иван Соколов** ОРГА ФИМ (20 октомври 2006);

Средба со шефот и Делегацијата на Советот на Европа (23 октомври 2006);

Средба со **г-ѓа Розмари Ди Карло,** помошник секретар во Бирото за европски и евро-азиски прашања на САД (23 октомври 2006);

Средба со хрватскиот претседател **г. Стјепан Месиќ** (24 октомври 2006);

Средба со амбасадорот на Јапонија **г. Итару Умезу**, (26 октомври 2006);

Проштална средба со амбасадорот на Кина, (30 октомври 2006);

Проштална средба со амбасадорот на ОБСЕ **Карлос Паиш,** (30 октомври 2006);

Средба со амбасадорот на Романија, **Адриан Стефан Константинеску** (03 ноември 2006);

Средба со **Ерван Фуере,** специјален пратеник на ЕУ и шеф на Делегацијата на Европската комисија (08 ноември 2006);

Средба со новиот француски амбасадор **г. Бернард Валеро** (10 ноември 2006);

Средба со амбасадорот на Египет **Хеба Елмараси** (17 ноември 2006);

Средба со Делегацијата на фламанскиот парламент - Белгија (17 ноември 2006);

Средба со **Ференц Ѓурчан,** премиер на Унгарија (23 ноември 2006);

Средба со турскиот амбасадор,**Танер Каракаш** (27 ноември 2006);

Средба со рускиот амбасадор, **г. Солоцински В. Дмитриевич** (28 ноември 2006);

Средба со **проф. Волфганг Це** (01 декември 2006);

Средба со кинескиот амбасадор **Донг Чунгфенг** (06 декември 2006);

Средба со италијанскиот амбасадор **Донатино Маркон** (06 декември 2006);

Средба со шпанскиот амбасадор **Хозе Мануел Паз Агерас** (06 декември 2006);

Средба со **Флориј Фон Кјуник,** политички советник на **Ерван Фуере** (06 декември 2006);

Средба со амбасадорот на Индија **Лал Милер Динглиана** (07 декември 2006);

Средба со амбасадорот на Бразил **Паоло Америко Вега Воловски** (07декември 2006);

Проштална средба со полскиот амбасадор **Андреј Добжински** (12 декември 2006);

Средба со претседателот на Парламентарното собрание на ОБСЕ (13 декември 2006);

Средба со **Георг Валднер -** ЕВН, (18 декември 2006);

Средба со **Елс де Гроен** (19 декември 2006);

Средба со амбасадорот **Благоја Ханџиски** (27 декември 2006)

Средба со **Небојша Радмановиќ,** претседател на БиХ (25 јануари 2007);

Средба со **Делегација од Република Словенија** (27 февруари 2007);

Средба со **Јанез Јанша**, Премиер на Република Словенија (28 февруари 2007);

Средба со **Роб Бенџамин**, регионален координатор на НДИ (05 март 2007);

Средба со **Драган Приморац,** министер за образование на Р Хрватска (07 март 2007);

Средба со амбасадорот на РМ во Ватикан **Бартоломеј Кајтази** ( 12 март 2007);

Средба со **Амира Арнон,** амбасадор на Израел, (13 март 2007);

Средба со **Мангаси Шомбинг,** амбасадорот на Индонезија, (13 март 2007);

Средба со **Захида Ансари,** амбасадорот на Авганистан, (15 март 2007);

Средба со **парламентарна делегација на Турција** (21 март 2007);

Средба со **Солтан Саад Ал-Мораики**, Амбасадор на Катар (27 март 2007);

Средба со **Делегација на Хрватски Сабор** (02 април 2007);

Средба со **Адриан Стефан Константинеску**, Амбасадор на Романија (03 април 2007);

Средба со Кинески Амбасадор **Донг Чунгфенг** во Охрид (09 Април 2007);

Официјална посета на БиХ (12-15 април 2007);

Средба со претставници на социјал-демократската фракција на Бундестагот на Германија (19 април 2007);

Средба со **Австриски новинари** (25 април 2007);

Средба со **Каталин Сили**, претседател на Парламент на Унгарија (26 април 2007);

Средба со **Бернард Валеро**, амбасадор на Република Франција (30 април 2007);

Средба со **Улрика Кроненберг-Мосберг,** амбасадорот на Шведска (02 мај 2007);

Средба со **Пер Вестберг**, претседател на шведскиот парламент, (03 мај 2007);

Средба со **Џејмс Даглас,** гувернер на Вермунт (14 мај 2007);

Средба со **Душко Лаличевиќ,** амбасадорот на Црна Гора (15 мај 2007);

Престој во Рим по повод Македонија во чест на Св. Кирил (23-25 мај 2007);

Средба со **пратеници на ЦДУ,** Германија (30 мај 2007);

Проштален прием со **британскиот Амбасадор** (30 мај 2007);

Проштален прием со **амбасадорот на Словенија** (31 мај 2007);

Одбележување на роденден на **кралицата Елизабета** (20 јуни 2007);

Проштална средба со амбасадорот на Кина, **Донг Чунгфенг** (30 октомври 2007);

Средба со **министерот за надворешни работи на Албанија** (01 јуни 2007);

Проштален прием со **амбасадорот на Холандија** (18 јуни 2007);

Проштален прием со **швајцарскиот Амбасадор** (18 јули 2007);

Средба со **Оливер Дулиќ,** претседател на парламентот на Србија (20 јули 2007);

Средба со **Милан Роќен,** министер за надворешни работи на Црна Гора (30 јули 2007);

Средба со **министерот за надворешни работи на Литванија** (29 август 2007);

Средба со **Хуго Остергард Андерсон**, Амбасадорот на Данска, (10 септември 2007);

Средба со Холандскиот амбасадор, **Симоне Филипини** (10 септември 2007);

Средба со **Иван Кујунџиќ,** амбасадор на Република Хрватска (10 септември 2007);

Средба со **Закир Ариф оглу Хашимов**, амбасадор на Азербеџан (11 септември 2007);

Средба со **Елард Ескала,** амбасадор на Перу (11 септември 2007);

Средба со **Филип Вујановиќ,** претседател на Црна Гора (12 септември 2007);

Официјална посета на Албанија (13-15 септември 2007);

Средба со **Марк Перин**, генерален секретар на ОБСЕ (01 октомври 2007);

Средба со **Михо Михов**, амбасадор на Република Бугарија (02 октомври 2007);

Средба со **Зоран Јолевски**, амбасадор во САД (03 октомври 2007);

Работна посета на Република Бугарија (4 - 7 октомври 2007);

Официјална посета на Република Србија (11 и 12 октомври 2007);

Средба со **Зоран Поповиќ,** амбасадор на Република Србија (09 октомври 2007);

Средба со **Адриан Стефан Константинеску**, амбасадор на Романија (18 октомври 2007);

Средба со **Владимир Титов**, заменик министер за надворешни работи на Руската федерација (22 октомври 2007);

Средба со министерот за евроинтеграции на Република Бугарија, **Гергана Грнчарова** (24 октомври 2007);

Средба со **Душан Чапловиќ,** заменик претседател на Владата на Словачка (25 октомври 2007);

Средба со **Педро Аграмонд,** известител на Советот на Европа (01 ноември 2007);

Средба со **Кристофер Хил,** поранешен Амбасадор на САД (13 ноември 2007);

Средба со **Мартин Ердман,** НАТО (15 ноември 2007);

Средба со премиерот на Црна Гора **г. Жељко Штурановиќ** (21 ноември 2007);

Средба со **Комисијата за европски прашања на Обединетото Кралство** (21 ноември 2007);

Средба со **Жозе Лело,** претседател на Парламентарно Собрание на НАТО (26 ноември 2007);

Официјална посета на Чешка (28-30 ноември 2007);

Средба со косовскиот претседател **Сејдиу,** (01 декември 2007);

Средба со **Доналд Бисон** (ОБСЕ) (07 декември 2007);

Средба со **Маија Моника**, амбасадор на Литванија, (17 декември 2007);

Средба со амбасадор на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска **Ендру Ки** (10 јануари 2008);

Средба со амбасадор на Република Словенија **Ален Брајан Бергант** (11 јануари 2008);

Проштална средба со амбасадор на Босна и Херцеговина **Сава Ќеклиќ** (14 јануари 2008);

Средба со амбасадор на Република Полска, **Дариус Бахура** (16 јануари 2008);

Средба со амбасадор на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, **Ендру Ки** (17 јануари 2008);

Средба со амбасадор на Царството Јапонија **Акио Танака** (31 јануари 2008);

Средба со министер за надворешни работи на Република Словенија **Димитриј Рупел** (1 февруари 2008);

Средба со амбасадор на Република Полска **Дариус Бахура** (8 февруари 2008);

Официјална посета на Република Словенија (13-16 февруари 2008);

Средба со министерот за одбрана на Република Литванија **Јузас Олекас** (26 февруари 2008);

Средба со министерот за надворешни работи на Република Романија **Адриан Чоројану** (27 февруари 2008);

Средба со амбасадор на Република Словачка **Игор Фурдик** (28 февруари 2008);

Средба со амбасадор на Република Турција **Танер Каракаш** (28 февруари 2008);

Средба со амбасадор на Индонезија **Мангаси Сихомбинг** (29 февруари 2008);

Средба со амбасадор на Република Хрватска **Иван Кујунџиќ** (29 февруари 2008);

Официјална посета на Република Турција (2-5 март 2008);

Средба со претседателот на Парламентот на Република Бугарија **Ѓорѓи Георгиев Пирински** (10 март 2008);

Средба со заменик на амбасадорот на САД и претставник на амбасадата на САД **Томас Навратил** и **Џенифер Босфор** (13 март 2008);

Свечен прием на делегација на Конгресот на САД (17 март 2008);

Средба со претседателот на Хрватски Сабор **Лука Бебиќ** (17 март 2008);

Средба со амбасадорот на Република Србија **Зоран Поповиќ** (19 март 2008);

Средба со амбасадорот на Република Казахстан **Рашид Ибрајев** (20 март 2008);

Средба со амбасадорот на Босна и Херцеговина **Милан Балабан** (20 март 2008);

Средба со амбасадорот на Република Чешка **Јозеф Браун** (20 март 2008);

Прошталнa средба со амбасадорот на Кралството Саудиска Арабија **Абдулах С. Ал Хамадан** (24 март 2008);

Средба со амбасадорот на Малезија **Каксом Камилан** (25 март 2008);

Средба со претседателот на владата на Естонија **Андрус Ансип** (26 март 2008);

Средба со поранешен министер за животна средина, храна и рурален развој на Велика Британија **Елиот Морли** (28 март 2008);

Средба со претседавачот на Претставничкиот дом на Парламентот на Босна и Херцеговина **Милорад Живковиќ** (7 април 2008);

Средба со амбасадорот на Кувајт **Абдулах Адбулазис Алдувајн** (07 април 2008);

Средба со претседателот на СР Германија **Хорст Келер** (17 април 2008);

Средба со спикерот на Долниот Дом на Канада **Питер Миликен** (21 април 2008);

Средба со амбасадорот на Република Франција **Бернард Валеро** (24 април 2008);

Проштална средба со амбасадорот на Република Ирска **Деклан Коноли**, (29 април 2008);

Средба со претседателот на Р Турција **Абдула Ѓул** (4 мај 2008);

Средба со сенатор на Ниевр, Р Франција **Дидије Було** (9 мај 2008);

Средба со амбасадорот на Руската федерација **Владимир Димитријевиќ Солоцински** (9 мај 2008);

Посета на Руската Федерација и учество на **Конференцијата "Информатичката безбедност како фактор за борбата со меѓународниот тероризам"** (11-15 мај 2008);

Проштална средба со амбасадорот на Република Турција **Танер Каракаш** (23 мај 2008);

**Преглед на надворешно-политичките мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија (26 јули 2006 - 12 април 2008)**

Работна средба со **Петра Блез**, специјален советник за парламентарна соработка на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа (Скопје, 11 септември 2006 )

Тет-а-тет средба со **Соломон Паси**, претседател на Комисијата за надворешна политика на Народното собрание на Бугарија при неговото учество на Конференцијата за регионална соработка и безбедност во Струга (Скопје, 14 септември 2006)

Работна средба со **Мери Ен Рукавина-Ципетиќ,** директор на Регионалниот центар за родова еднаквост на Пактот за стабилност на ЈИЕ (Скопје, 20 септември 2006)

Средба со **Стефан Лене** претставник на ЕУ во процесот за идниот статус на Косово и директор на ДГЕ ВИ во Советот на ЕУ (10 октомври 2006);

Средба со **Ерхард Бусек** специјален координатор на Пактот за стабилност за ЈИЕ (17 октомври 2006)

Средба со Делегацијата во ПС на СЕ по октомвриската сесија во Стразбург (23 октомври 2006)

Средба со Делегацијата во ИПУ по седницата во Женева (26 октомври 2006)

Проштална средба со **Карлос Паиш** шеф на Мисијата на ОБСЕ (30 октомври 2006)

Средба со **Ерван Фуере,** специјален пратеник на ЕУ и шеф на Делегацијата на Европската комисија (8 ноември 2006)

Средба со делегацијата на ПС на ОБСЕ, предводена од претседателот **Јоран Ленмаркер,** придружуван од **Роберто Батели,** специјален претставник на ОБСЕ за ЈИЕ, **Андреас Нотел** специјален претставник на ПС на ОБСЕ во Виена и од **Наталија Дрозд** шеф на мисијата на ОБСЕ во Република Македонија (13 декември 2006)

Поздравен збор на Третата конференција на парламентарните комисии за европска интеграција/прашања на државите учеснички во процесот за стабилизација и асоцијација од Југоисточна Европа (13 декември 2006)

Свечано потпишување на акредитацијата на Делегацијата во ПС на СЕ со мандат за 2007 година и на номинацијата на шефот на Делегацијата за функција на потпретседател на Парламентарното собрание.(28 декември 2006)

Посета на Лајпциг, Германија (управен одбор на ФДЛЛ), (23-25 февруари 2007);

Средба со **Пат Кокс**, претседател на меѓ. европско движење, (21 март 2007);

Престој во Рим, 50 - годишнина од Римските договори (22-23 март 2007);

Учество на конференцијата на претседатели на парламенти од ПСЈЕ во Загреб, Република Хрватска ( 15-17 април 2007);

Прием по повод денот на Европа во Битола, средба со амбасадори (09 мај 2007);

Престој во Рим по повод Македонија во чест на Св. Кирил (23-25 мај 2007);

Средба со пратеници на ЦДУ, Германија (30 мај 2007);

Средба со **Франкофони** (05 јуни 2007);

Обраќање во Битола, Македонија и евроинтеграциите (23 јуни 2007);

Престој во Вилнус, меѓународна конференција (28-30 јуни 2007);

Работен ручек со **Ерван Фуере** (12 јули 2007);

Средба со **Хина Џилани,** специјален претставник на Генералното собрание на Обединетите нации за одбрана на човековите права (24 септември 2007);

Официјална посета на Чешка (28-30 ноември 2007);

Средба со директор на Канцеларија за демократски институции и човекови права на ОБСЕ, **Кристијан Штрохал** (15 јануари 2008);

Средба со претставници на Светска банка во Република Македонија (17 јануари 2008);

Учество на **Вилтон Парк Конференција**, Лондон, Велика Британија (23-26 јануари 2008);

Средба со претсатвници на **ОБСЕ** во Република Македонија (29 јануари 2008);

Средба со директорот на Конрад Аденауер во Република Македонија **Урлих Клепман** (29 јануари 2008);

Свечен прием на учесниците на Конференцијата на претседатели на комисиите за надворешна политика и одбрана на парламентите на замјите членки на НАТО, земјите од Јадранската група и земјите од Партнерството за мир во регионот (17 февруари 2008);

Средба со претставници од организацијата **"Берлинер Конференс"** (20 февруари 2008);

Прием за учесниците на годишната **Конференција на "Европски младински Парламент на Македонија"** (24 февруари 2008);

Средба со комесарот за човекови права во Советот на Европа **Томас Хамарберг** (28 февруари 2008);

Средба со претставници на **"Вестминстер Фоундејшн"** (6 март 2008);

Средба со директорот на УНЕСКО **Коиширо Мацура** (27 март 2008);

Учество на **седмата Конференција на претседатели на парламентите на ПСЈИЕ, Софија**, Република Бугарија (14-15 април 2008);

Средба со потпретседател на ПС на ОБСЕ **Пиа Крисмас Мулер** (30 мај 2008);

Работен состанок со претставници на **НДИ** во Република Македонија (4-6 јуни 2008).

## 5.2. ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието на Република Македонија од редот на пратениците, покрај тоа што избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, избира и двајца потпретседатели.

Во текот на овој мандатен период (2006-2008) избрани се тројца потпретседатели. Во овој состав потпретседатели на Собранието на Република Македонија беа Иван Анастасовски, Бесим Догани и Благој Зашов.

Потпретседателите на Собранието на Република Македонија реализираа голем број на активности коишто се состојат во редовното учество на седниците на претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуваат еднаш неделно кадешто се разгледуваат важни прашања сврзани за тековните работи на Собранието, меѓународните активности, како и прашања од општ карактер.

.

Во споменатиот период, како пратеници редовно и активо учествуваа на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Во својство на членови на разни комисии во Собранието на Република Македонија како потпретседатели беа меѓу најактивните и редовно учествуваа во сите комисии.

Во нивниот мандатен период, потпретседателите заедно со претседателот на Собранието на Република Македонија реализираа многубројни средби со претставници на дипломатските и конзуларните претставништва, како и претставници на институции на странските земји и меѓународните организации во Република Македонија.

Потпретседателите на Собранието на Република Македонија заедно со претседателот пред себе имаа задача законски да ги имплементират Уставните измени, но исто така да донесуваат стотици закони хармонизирани со европското законодавство, зашто со поднесувањето на барањето за прием во Европската унија почнавме да го изодуваме последниот дел од патот кон рамноправно членство

## ➢ Како прв Потпретседател на Собранието на Република Македонија беше избран Иван Анастасовски (31.11.2006 до 25.12.2007)

Господинот Иван Анастасовски како пратеник и потпретседател на Собранието на Република Македонија доаѓа од Нова социјалдемократска партија. Функцијата Потпретседател на Собранието на Република Македонија ја извршува до 25.12.2007 година кога по неговата оставка му престана функцијата.

***1. Учество на конференции***

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 6.1. МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

### ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од 10 земји, а денес има 46 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото;
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност;
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество(ксенофобија, нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот криминал, и сл.)
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Парламентарното собрание на Севетот на Европа е парламентарен форум на Советот на Европа, каде што се расправаат проблемите со кои се соочува европското општество и има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите. Тоа е најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието има пет политички групи: Социјалистичка група; Народна европска партија; Европска демократска група; Либерална, демократска и реформаторска група и Група на обединетата левица. Вообичаено членовите се групираат во овие партиски групи според нивната партиска припадност во своите земји, но некои членови избираат да не бидат членови на ниедна политичка група. Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и септември), на јавни седници кои траат една работна седмица, а вообичено одржува и една мини пролетна седница во некоја од земјите членки.

На 15 мај 2007 година во Скопје беше одржана седница на Мониторинг комисијата на ПС на СЕ. Мониторинг комисијата има 83 члена, кои немаат заменици и се бираат на предлог на партиските групи во ПС на СЕ, а не на националните делегации.

Мониторингот постапката се однесува на исполнувањето на генералните обврски на земјите членки кон Статутот на Советот на Европа, Европската конвенција за човековите слободи и права и сите други конвенции кон кои пристапиле земјите членки, како и на специфичните обврски преземени при приемот во полноправно членство. Мониторинг комисијата има обврска да го известува Парламентарното Собрание на Советот на Европа еднаш годишно за состојбата со мониторинг постапката. Мониторинг постапката кон Република Македонија беше затворена на 5 април 2000 година, но по ургентната дебата на 28 јуни 2001 во ПС на СЕ формирана е ад-хок Комисија чијшто Извештај за ситуацијата во Македонија е разгледуван на седницата на ПС на СЕ од 27 септември 2001 година, и е побарано Мониторинг комисијата да го интензивира пост-мониторинг дијалогот со Македонија (кој е се уште во тек), а од македонските власти е побарано целосно да соработуваат во овој процес.

Во рамките на постмониторинг дијалогот со Република Македонија Претседателот на Мониторинг комисијата г. Линтнер оствари посета на нашата земја од 15 до 17 јануари 2007 при што беа



реализирани голем број на средби, на парламентарна и владина основа, како и со претставниците на дипломатскиот кор во Македонија.

| АКТИВНОСТИ | 2006 | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | 1 | 4 | 2 | **7** |
| Седници на комисии | 7 | 27 | 7 | **41** |
| Друго | - | - | - | **-** |
| **ВКУПНО** | **8** | **31** | **9** | **48** |

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

Парламенарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) е формирано во 1991 година, по предлогот за негово формирање со Париската Повелба за Нова Европа од 1990 година.

Основна задача на Парламентарното Собрание е да го олеснува меѓупарламентарниот дијалог меѓу земјите членки на ОБСЕ и да ја вреднува имплементацијата на целите на ОБСЕ.

Во рамките на Парламентарното собрание функционираат три генерални комитети: Комитет за демократија, човекови права, хуманитарни прашања; Комитет за економски работи, технологија и животна средина како и Комитет за политички работи и безбедност.

Членовите на Делагацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот Комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

| АКТИВНОСТИ | 2006 | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | - | 2 | 1 | **3** |
| Активности на Постојаниот комитет | - | 3 | 1 | **4** |
| Конференции и семинари | 1 | 1 | - | **2** |
| Друго | 1 | 1 | - | **2** |
| **ВКУПНО** | **2** | **7** | **2** | **11** |

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација која нема формални односи со НАТО. Формирано е во 1955 година, како Северноатлантското собрание, а во ноември 1998 година се преименуваше во Парламентарно собрание на НАТО. Составено е од 26 земји членки и 13 асоцирани делегации, меѓу кои е Делегацијата на Собранието на Република Македонија.

Република Македонија учествуваше за прв пат во работата на Северноатлантско собрание во 1994 година, како набљудувач на 41 сесија, што се одржа во Париз, Франција. На оваа сесија и беше доделен статус на асоцирана делегација.

Во мандатниот период 2006-2008 година, членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија активно учествуваа на пленарните сесии и во работата на петте комисии и соодветните поткомитети. Република Македонија на 25-27 април 2007 година беше посетена од Делегација на Комитетот за цивилна димензија на одбраната, додека на 25 и 28 ноември 2007 година во посета на Република Македонија престојуваше г. Жозе Лело, претседателот на ПС на НАТО и генералниот секретар на ПС на НАТО. Собранието на Република Македонија од 17 до 19 февруари 2008 година, беше домаќин на Конференцијата "НАТО, Букурешт и потоа".

| АКТИВНОСТИ | 2006 | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | 1 | 2 | 1 | **4** |
| Активности на комисии и поткомисии | - | 2 | 1 | **3** |
| РОС-РОТ семинари | - | 1 | 1 | **2** |
| Друго | 2 | 3 | - | **5** |
| **ВКУПНО** | **3** | **8** | **3** | **14** |

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

Интерпарламентарната унија (ИПУ), основана во 1889 година е најстарата мултилатерална политичка организација во која членуваат 146 национални парламенти и 7 меѓународни парламентарни собранија. Светската организација на парламентите со седиште во Женева има статус на постојан набљудувач во Организацијата на Обединетите нации.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интер-парламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ: поттикнува

контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји; разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови; придонесува за заштита и унапредување на човековите права, чиешто почитување е суштествен фактор на парламентарната демократија и обезбедува подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција.

Интерпарламентарната унија претставува директен извор на информации за најзначајните настани и тенденции што се одвиваат на глобален меѓународен план, а особено клучните активности на Организацијата на Обединетите нации и нејзините специјализирани агенции. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни организации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика. ИПУ презема и активности за ратификација на најзначајните меѓународно - правни инструменти.

Собранието на Република Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија (Сл. весник на Република Македонија бр. 85/02) се основа Делегација на Собранието на Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и четири члена.

Во пратеничкиот мандат 2006-2008, делелегации на Собранието на Република Македонија учествуваа на три редовни собранија на Интерпарламентарната унија.

| АКТИВНОСТИ | 2006 | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Собранија на ИПУ | 1 | 2 | - | **3** |
| Други активности | - | - | - | **-** |
| **ВКУПНО** | **1** | **2** | **-** | **3** |



## МЕШОВИТ ПАРЛАМЕНТАРЕН КОМИТЕТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЕВРОПСКА УНИЈА

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска Унија** (ЕУ) е формиран врз основа на Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година, Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација и врз основа на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, (особено чл. 114). Собранието на Република Македонија во Комитетот е застапено од копретседател, двајца потпретседатели и четиринаесет члена.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на нашата земја за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, МПК претставува форум каде што членовите на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент ќе разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Комитетот, како билатерално тело со кое Република Македонија се одвојува од останатите земји на т.н. Западен Балкан, претставува формално и ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на МПК е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

| АКТИВНОСТИ | 2006 | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | - | 2 | - | **2** |
| Колоквиуми | - | - | - | **-** |
| Други активности | - | 2 | 1 | **3** |
| **ВКУПНО** | **-** | **4** | **1** | **5** |

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE DE LA FRANCOPHONIE

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈАТА

Меѓународната организација на Франкофонијата е меѓувладина организација формирана на 20 март 1970 година, од 21 држава и влада, под името Агенција за културна и техничка соработка (Agence de coopération culturelle et technique - ACCT), А во 1998 година таа се преименува во Меѓународна организација на Франкофонијата (Organization internationale de la Francophonie-OIF). Во оваа организација со седиште во Париз, денес членуваат 53 држави и влади и 10 земји набљудувачи. Република Македонија се здоби со асоцијативен статус во оваа организација на Самитот на Шефови на држави и влади, одржан во септември 1999 година во Монктон, Канада.

Основните цели на меѓународната организација на Франкофонијата се: промовирање на францускиот јазик и јазичната и културната различност, промовирање на мирот, демократијата и човековите права, поддршка на образованието, обуката, високото образование и истражувањето, развој на соработката во служба на одржливиот развој и солидарноста.

Парламентарното Собрание на Франкофонијата е претставничко собрание на Франкофонијата и нејзино консултативно собрание.Тоа е формирано во мај 1967 година на Конститутивното собрание во Луксембург, под името "Меѓународна асоцијација на парламентарци кои го говорат францускиот јазик" (АИПЛФ). Во јули 1989 година, АИПЛФ се преименува во "Меѓународно собрание на парламентарци кои го говорат францускиот јазик", а во јули 1998 година во Парламентарно собрание на Франкофонијата (Assemblée parlementaire de la Francophonie -APF).

Парламентарното собрание на Франкофонијата претставува место на дебати, предлози и размена на мислења за сите прашања од интерес на неговите членки. Во тесна соработка со Меѓународната агенција на Франкофонијата Собранието презема акции на полето на интерпарламентарната соработка и развојот на демократијата, кои имаат за цел да ја зацврстуваат солидарноста меѓу парламентарните институции и да ја промовираат демократијата и владеењето на правото, особено во франкофонските заедници. Парламентарното собрание на Франкофонијата дава значителен придонес во дебатите за теми, како што се: слободата и

политичките права, парламентите и комуникацијата, франкофонскиот економски простор, образованието, пречките за дифузија на знаењата во франкофонските земји, местото на францускиот јазик во меѓународните организации и сл. Во рамките на парламентарната димензија на Парламентарното Собрание на Франкфонијата се формирани и следните органи: Мрежа на жени парламентарки, Парламентарна мрежа за борба против ХИВ/СИДА, Парламент на млади франкофони и др.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата членуваат 74 парламенти, парламентарни собранија или совети на земји, покраини, региони и меѓународни организации. Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и Бирото на Секцијата и делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата се основани во јануари 2001 година. Еден член на Бирото на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ е член на Извршниот комитет на Мрежата на жени парламентарки на ПСФ.

Собранието на Република Македонија е корисник на специјалната поддршка на Програмата NORIA на ПСФ за периодот 2006-2009 година. Оваа поддршка се состои во преведување на веб страницата на Собранието на РМ на француски јазик, збогатување на библиотечниот фонд со франкофонска литература, документација и списанија, организирање на курсеви за изучување на францускиот јазик за придружниците и вработените во Службата на Собранието и др.

Од 22 до 26 октомври 2007 година во Собранието на Република Македонија се одржа 20. Регионално собрание Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата.

| **АКТИВНОСТИ** | **2006** | **2007** | **2008** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|
| Годишни собранија | - | 1 | - | **1** |
| Регионални собранија | 1 | 1 | - | **2** |
| Конференции на претседатели на секции | - | 1 | - | **1** |
| Седници на комисии | - | 3 | - | **3** |
| Друго | - | 2 | 1 | **3** |
| **ВКУПНО** | **1** | **8** | **1** | **10** |

## СОБРАНИЕ НА ЗАПАДНОЕВРОПСКАТА УНИЈА

Собранието на Западноевропската унија (СЗЕУ), со седиште во Париз, е основано во 1954 година, а инаугуративната седница ја одржало на 5 јули 1955 година. Како прво европско интерпарламетарно собрание за безбедносни и одбранбени прашања, Собранието претставува форум за дебата со три главни домени на активност:

- ја претставува парламентарната димензија на Западноевропската унија;
- дејствува како *Интерпарламентарно европско собрание за безбедност и одбрана,* со фокус на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСДП);
- врши контрола на меѓувладината соработка на полето на вооружувањето и истражувањето и развојот на вооружувањето, односно активностите на Западноевропската групата за

вооружување (WEAG) и Западно-европската организација за вооружување (WEAO).

Во Собранието на Западноевропската унија членуваат околу 400 пратеници од националните парламенти на 37 европски држави. Собранието одржува две редовни седници годишно во седиштето на Собранието во Париз, а по потреба можат да одржат и вонредни седници во други градови. Во СЗЕУ се формирани шест постојани комисии, кои одржуваат по неколку седници годишно. Собранието, исто така организира колоквиуми на кои учествуваат пратеници, експерти и претставници на владите, кои дискутираат за тековни одбранбени и безбедносни прашања.

Делегација на Собранието на Република Македонија е постојано присутна на седниците на Собранието на Западноевропската унија, почнувајќи од 1993 година. Во парламентарниот мандат 2006-2008 година, Делегацијата на Собранието на Република Македонија учествуваше во активностите на СЗЕУ со стасус на "придружен асоцијативен партнер" со кој се овозможува делегација од три члена и нивни заменици редовно да учествува на пленарните седници на СЗЕУ (без право на глас), како и на седниците на комисиите и во другите форми на редовна активност на СЗЕУ (семинари, конференции, колоквиуми и слично). На Седницата на Постојаниот комитет на СЗЕУ, одржана на 6 мај 2008 година во Париз беа усвоени нова Повелба и нов Деловник на Собранието, со кои Делегацијата на Собранието на Република Македонија се здоби со статус на "партнер". Согласно со новиот статус, Делегацијата доби право да поднесува амандмани на текстовите на седниците на комисиите и на пленарните седници на СЗЕУ.

*Во парламентарниот мандат 2006-2008 членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ редовно учествуваа на пленарните седници на Собранието на ЗЕУ, на седниците на комисиите, како и на колоквиумите, конференциите и другите активности на ова меѓународно собрание.*

| АКТИВНОСТИ | 2006 | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Седници на Собранието | 1 | 2 | - | **3** |
| Седници на комисии | 1 | 2 | 4 | **7** |
| Друго | - | 4 | 2 | **6** |
| **ВКУПНО** | **2** | **8** | **6** | **16** |

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

Парламентарното собрание на Медитеранот е релативно нова меѓународна мултилатерална организација и претставува продолжување на парламентарна димензија на долгодишната Конференција за соработка на Медитеранот (ЦСЦМ), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година. Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статутот на оваа организација.

Земји-членки на Парламентарното собрание на Медитеранот се парламентите

на земјите од медитеранскиот брег: Албанија, Алжир, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Либан, Либиска Арапска Џамахирија, Малта, Монако, Мароко, Србија, Црна Гора, Словенија, Шпанија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција и Палестина. Исто така, членки на ПС на Медитеранот се парламентите на Република Македонија, Јордан и Португалија, држави кои не излегуваат на Медитеранот, но кои економски, политички и стратешки директно се поврзани со него.

На Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот беа избрани со акламација: за претседател на ПС на Медитеранот **г. Абделвахед Ради** од Мароко, за почесен претседател на ПС на Медитеранот **г. Руди Сал** од Франција, а за почесен член **г-ѓа Елен Дамато** од Малта, како пратеници кои во голема мера придонеле за успешна реализација на ова Собрание.

Парламентарното Собрание на Медитеранот ќе заседава на пленарна седница, еднаш годишно. Неколку месеца пред одржувањето на годишното заседание, ќе се состануваат трите постојани комитети.

Целиот процес на воспоставување на ПС на Медитеранот е поттикнат од Интерпарламентарната унија која цврсто верува дека мирот и просперитетот во медитеранскиот регион можат да се постигнат со промовирање на соработка низ политички дијалог. За таа цел во ИПУ во 1990 година се воспостави посебни механизми за промовирање на безбедноста и соработката во медитеранскиот регион преку постојано организирање на состаноци и средби. Тој процес во рамките на ИПУ е познат како Процес на Конференцијата за безбедност и соработка на Медитеранот (ЦСЦМ).

На четвртата и последна Конференција за безбедност и соработка на Медитеранот овој процес се трансформира во единствено Парламентарно собрание на Медитеранот.

Парламентарното собрание е воспоставено со цел да се даде поголемо значење на парламентарната дипломатија во медитеранскиот регион, односно регионот да се здобие со сопствен парламентарен форум, како и зајакнување и унапредување на дијалогот меѓу културите.

Согласно со членот 8 од Статутот на Парламентарното собрание на Медитеранот, неговата структура ќе се состои од Собрание, Биро, три постојани комитети, *ад-хок* комитети и Извршен секретаријат.

Собранието е составено од делегации на парламентите на земјите-членки на Парламентарното собрание на Медитеранот. Парламентот на секоја држава-членка може да номинира постојана делегација од најмалку три до најмногу пет члена. Бирото е составено од: претседателот на Парламентарното собрание на Медитеранот, потпретседателите и претседателите на трите постојани комитети.

Трите постојани комитети се :

- Постојан комитет за политичка и безбедносна соработка - Прв комитет;
- Постојан комитет за економска, социјална и еколошка соработка - Втор комитет и
- Постојан комитет за дијалог меѓу цивилизациите и човековите права - Трет комитет.

Седиштето на Извршниот секретаријат на ПС на Медитеранот ќе биде лоцирано во Ла Валета, Малта. До оформувањето на постојан Секретаријат, работите за Парламентарното собрание на Медитеранот ќе ги извршува Секретаријатот на ИПУ во Женева.

Собранието на Република Македонија и Парламентарното собрание на Медитеранот

Делегациите на Собранието на Република Македонија во ИПУ редовно ги следеа досегашните активности на Конференцијата за безбедност и соработка на Медитеранот (ЦСЦМ). Со започнувањето на активностите за инаугурирање на Парламентарното собрание на Медитеранот, кои се интензивираа во 2005 година, членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ИПУ учествуваа и на овие посебни настани, како што се: Четвртата и последна Конференција за безбедност и соработка на Медитеранот - ЦСЦМ (7 февруари 2005 година, Нафлион, Република Грција); Подготвителниот состанок за Инаугуративната сесија на Парламентарното Собрание на Медитеранот (25-27 јуни 2005 година, Неапол, Република Италија) и Инаугуративната сесија на ПС на Медитеранот (10 и 11 септември 2006 година, Аман, Хашемитско Кралство Јордан).

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Медитеранот учествуваше на Втората Конференција на Парламентарното собрание на Медитеранот, што се одржа од

22 до 24 ноември 2007 година во Сент Џулијанс, Малта.

| АКТИВНОСТИ | 2006 | 2007 | 2008 | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Седници на Собранието | 1 | 1 | - | | **2** |
| Седници на комисии | - | - | - | | **-** |
| Друго | - | - | - | | **-** |
| **ВКУПНО** | **1** | **1** | **-** | | **2** |

CENTRAL EUROPEAN INITIATIVE

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕНТРАЛНОЕВРОПСКАТА ИНИЦИЈАТИВА

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат седумнаесет земји членки: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Украина и Србија и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година.

Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и ад хок комитетите на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Македонија се состои од три члена

Претседавач со ЦЕИ во текот на 2006 година беше Република Албанија. Во рамките на нејзиното претседателствување, Република Албанија организираше состанок на парламентарниот комитет и на парламентарната димензија на ЦЕИ. Во 2007 година со ЦЕИ претседателствуваше Република Бугарија при што беа одржани седници на Парламентарниот комитет и Парламентарното Собрание на ЦЕ, како и седници на постојаните комитети за политички, економски и културни прашања, во рамките на Парламентарното собрание на ЦЕИ.

Претседавач со ЦЕИ за 2008 година со ЦЕИ е Република Молдавија.

| АКТИВНОСТИ | 2006 | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Седници на Парламентарниот комитет | 1 | 1 | - | **2** |
| Седници на Парламентарното собрание | 1 | 1 | - | **2** |
| Други активности | - | 3 | - | **3** |
| **ВКУПНО** | **2** | **5** | **0** | **7** |

## 6.2. БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

Собранието на Република Македонија има формирано 41 пратеничка група за соработка со парламентите на повеќе земји, кои се основани заради остварување на билатерална соработка со парламентите на други држави. При нивното основање се поаѓало од изразените заемни интереси за остварување и развој на соработката меѓу парламентите.

Пратеничките групи за соработка дејствуваат преку остварување средби со пратеничките групи или делегациите на соодветните парламенти, размена на мислења, заемна соработка во активностите во меѓународните парламентарни собранија и други начини на дејствување. Тие го следат и поттикнуват севкупниот развој на односите меѓу Република Македонија и соодветната држава и остваруваат средби со претставници на соодветните држави во и надвор од Република Македонија.

Делегација од Собранието на Република Македонија го посети Долниот дом на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска. Посетата беше реализирана од 3 до 8 декември 2006 година.
Делегацијата на Собранието на Република Македонија оствари средба со спикерот на Долниот дом на Обединетото Кралство г. Мајкл Мартин при што беше искажана благодарност од наша страна за поддршката што Обединетото Кралство ја дава во приспособувањето на нашата армија кон стандардите на НАТО, како и за поддршката што Обединетото Кралство и ја дава на Република Македонија во процесот на интеграцијата во ЕУ.

На покана на претседателот на Парламентарната група на Народното собрание на Република Бугарија за пријателство со Република Македонија г-ѓа Маргарита Панева, делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија од 17 до 20 април 2007 година ја посети Софија. Делегацијата ја сочинуваа претседателот на Парламентарната група за соработка г. Стојан Андов и членот на групата г. Владо Бучковски. Ова беше прва официјална посета на ниво на пратенички групи за соработка на Република Бугарија.

За време на престојот нашата делегација оствари средби со г. Ангел Марин, потпретседател на Република Бугарија, г. Георги Пирински, претседател на Народното собрание на Република Бугарија, г. Асен Гагаугов, министер за регионален развој, г. Петар Мутафчиев, министер за транспорт, г-ѓа Маргарита Панева, претседател на Пратеничката група за пријателство со Република Македонија и г. Тодор Чуров, заменик министер за надворешни работи. Делегацијата го посети и градот Пловдив каде што оствари средба со претседателот на советот на Пловдив г. Страшимир Дочков.

Во официјална посета на Република Македонија од 4 до 6 октомври 2007 година престојуваше Делегација на Групата на Парламентот на Естонија за соработка со Собранието на Република Македонија. Делегацијата оствари средби во Собранието на Република Македонија, со министри од Владата на Република Македонија, претставници на ЗЕЛС и со градоначалниците на Прилеп и Битола. Целта на посетата на Делегацијата беше воспоставување и развивање на поблиски билатерални односи на парламентарно ниво, размена на искуства од парламентарното работење, разгледување на можностите за обезбедување услови за поинтензивна економска соработка, како и согледување на сите можни аспекти за активна поддршка

од страна на Естонија на евроатлантските интеграции на Република Македонија.

Делегација на Групата на Парламентот на Летонија за соработка со Собранието на Република Македонија престојуваше во официјална посета на Република Македонија од 11 до 15 ноември 2007 година. За време на посетата Делегацијата оствари средби во Собранието на Република Македонија, со министри од Владата на Република Македонија, градоначалникот на Скопје, ново-назначениот Почесен конзул на Република Летонија во Република Македонија, како и директорот на Институтот за заштита на културното наследство на Република Македонија. Целта на посетата беше продолжување на развивањето на блиски билатерални односи на парламентарно ниво имајќи предвид дека во минатиот парламентарен состав имаше размена на посети меѓу двете групи за соработка. Посетата беше можност и за размена на искуства од парламентарното работење, особено на полето на усогласување на домашното законодавство со законодавството на ЕУ и разгледување на можностите за поинтензивна економска соработка, посебно по назначувањето на Почесниот конзул на Република Летонија во Република Македонија. Делегацијата од парламентот на Летонија на сите средби изрази силна и активна поддршка за евро-атлантските интеграции на Република Македонија.

Во текот на 2007 и 2008 година Пратеничката група за соработка со парламентот на Народна Република Кина оствари неколку средби со амбасадорот на Народна Република Кина во Република Македонија г. Донг Чун Фенг, а исто така и Групата за соработка со парламентот на Кралството Холандија оствари работен ручек со амбасадорката на Кралството Холандија во РМ, г-ѓа Симоне Филипини.

Во табелата се претставени билатералните контакти на Собранието на Република Македонија од 2006 до 2008 година.

| земја | странство | во РМ | вкупно |
|---|---|---|---|
| Република Албанија | - | 1 | 1 |
| Естонија, Летонија и Литванија | - | 2 | 2 |
| Република Босна и Херцеговина | - | 1 | 1 |
| Република Бугарија | 1 | - | 1 |
| Близок и Среден Исток | - | 1 | 1 |
| Сојузна Република Германија | 1 | 1 | 2 |
| Држава Израел | - | 2 | 2 |
| Исламска Република Иран | - | 1 | 1 |
| Република Исланд и Кралството Норвешка | 1 | - | 1 |
| Република Италија | - | 1 | 1 |
| Царство Јапонија | - | 1 | 1 |
| Србија | - | 1 | 1 |
| Народна Република Кина | - | 3 | 3 |
| Канада | - | 1 | 1 |
| Обединето Кралство на В.Британија и С.Ирска | 1 | - | 1 |
| Романија | - | 1 | 1 |
| САД | 1 | 2 | 3 |
| Словачка Република | - | 1 | 1 |
| Република Турција | - | 1 | 1 |
| Кралство Холандија | - | 2 | 2 |
| Република Хрватска | - | 1 | 1 |
| Чешка Република | - | 1 | 1 |
| Република Словенија | 1 | 3 | 4 |
| **ВКУПНО** | **6** | **28** | **34** |

# 7. БУЏЕТ И ИНВЕСТИЦИИ

# 7. БУЏЕТ И ИНВЕСТИЦИИ

## 7.1. БУЏЕТ

### Улогата на Собранието на Република Македонија во донесувањето на Буџетот на Република Македонија за периодот 2006-2008 година

Буџетот на Република Македонија претставува акт, односно годишен план со кој однапред се планираат и одобруваат приходите кои ги остварува Република Македонија наменети за покривање на јавните расходи на државата што ќе се извршуваат за една година.

Финансирањето на функциите на државата кои се однесуваат на задоволување на јавните добра и услуги се врши по пат на воведување и наплата на јавните приходи.

Буџетот како инструмент за финансирање на функциите на државата е најважен инструмент на економската политика на Република Македонија.

Постапката на изготвувањето, донесувањето и извршувањето на Буџетот на Република Македонија е уредена со Законот за буџетите.

Буџетот на Република Македонија, согласно со овој закон се однесува за период од една фискална година која изнесува 12 месеци, која започнува на 1 јануари, а завршува на 31 декември.

Планираните приходи и другите приливи се основа за утврдување на одобрените средства со Буџетот.

Основа за подготвување на Буџетот се стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, Фискалната стратегија, предлогот на стратешките планови на буџетските корисници.

Предлогот на Буџетот на Република Македонија го изготвува и го доставува до Владата на Република Македонија Министерството за финансии најдоцна до 1 ноември во тековната година. Предлогот на Буџетот се состои од општ, посебен и развоен дел.

Владата на Република Македонија го доставува Предлогот на Буџетот на Република Македонија до Собранието на Република Македонија најдоцна до 15 ноември тековната година.

Согласно со одредбите од Законот за буџети, Собранието на Република Македонија не може да го разгледа Предлогот на Буџетот на Република Македонија пред да поминат 20 дена од денот кога истиот бил доставен до Собранието на Република Македонија.

По Предлогот на Буџетот на Република Македонија се води дебата во комисиите на Собранието на Република Македонија.

Со оглед на тоа што Комисијата за финансирање и буџет е надлежна по ова прашање, таа задолжително го разгледува на седница на која се води мошне обемна дискусија и на која се изнесуваат бројни мислења, сугестии, предлози, забелешки, а многу често се поставуваат и прашања на кои одговор дава претставникот на Владата.

Покрај матичната Комисија за финансирање и буџет, Предлогот на Буџетот можат да го разгледуваат и други заинтересирани работни тела, што тоа и се практикува. Во досегашната пракса како по правило Предлогот на Буџетот го разгледуваат комисиите што спаѓаат во делот на јавните дејности (Комисијата за образование, наука и спорт, Комисијата за здравство и Комисијата за култура). Овие комисии се јавуваат како најзаинтересирани поради оцена на предложените средства за финансирањето на програмите од областите кои се во надлежност на овие комисии.

По изминувањето на 20-те дена од доставувањето, Предлогот на Буџетот се разгледува на седница на Собранието на Република Македонија. Собранието на Република Македонија го донесува Буџетот на Република Македонија најдоцна до 31 декември. Министерот за

финансии го презентира Предлогот на Буџетот во Собранието на Република Македонија.

Во постапката на донесувањето на Буџетот на Република Македонија, согласно со Деловникот на Собранието можно е поднесување на амандмани. Притоа, секое зголемување на предложените одобрени средства во Предлогот на Буџетот мора да биде проследено со соодветно намалување на други предложени одобрени средства.

Амандмани по Предлогот на Буџетот можат да поднесат Владата на Република Македонија и пратениците.

Согласно со Деловникот на Собранието на Република Македонија, по секој предложен амандман од страна на пратениците се произнесува претставникот на Владата односно министерот за финансии, во смисла на негово прифаќање или неприфаќање.

Во случај кога Буџетот на Република Македонија за наредната година не е донесен до 31 декември во тековната година, Министерството за финансии одобрува користење на средства месечно најмногу до една третина од вкупните извршени расходи во првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31 март, имајќи ги предвид готовинските текови.

Доколку Буџетот не се донесе до 31 март во тековната година, Собранието на Република Македонија донесува одлука за продолжување на времeното финансирање.

Согласно со Законот за буџетите, Министерството за финансии ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на Буџетот на Република Македонија.

Доколку во текот на извршувањето на Буџетот, Министерството за финансии оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот, или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Владата на Република Македонија изменување и дополнување на Буџетот. Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија, ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 1 септември во тековната година.

Исто како и за Предлогот на Буџетот, собраниските комисии и Собранието на Република Македонија дебатираат и за измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија, односно постапката за негово разгледување и донесување е иста како и за Буџетот на Република Македонија.

Буџетот на Република Македонија, односно измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија по нивното донесување од страна на Собранието се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

По истекот на годината за која се однесува Буџетот на Република Македонија, Владата на Република Македонија најдоцна до 30 јуни ја доставува до Собранието на Република Македонија завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за нејзино разгледување и донесување.

Во Буџетот на Република Македонија е вклучен и Буџетот на Собранието на Република Македонија од кој се финансираат функциите на Собранието.

Во продолжение следи табела со податоци за Буџетот на Собранието на Република Македонија по години и според намени, односно според буџетски категории како што се: плати, наемнини и надоместоци, стоки и услуги, субвенции и трансфери и капитални расходи.



## 7.2. ИНВЕСТИЦИИ

Во рамките на инвестиционото одржување на објектот на Собранието во наведениот период, извршени се следните работи:

- Изработка на инвестиционо техничка документација - Основен проект за изведување на Мастер соба за имплементација на проектот -Собраниски канал со сите фази (електрика и машинство)
- Изведување - реализација на проектот за Мастер соба за имплементација на проектот -Собраниски канал со сите фази, на галеријата во холот меѓу салите 3 и 4 во објектот на Собранието.
- Донесена Одлука за утврдување на потребата и постапката за изведување на реконструкција, доградба и надградба на зградата на Собранието на Република Македонија, со сите претходни активности.
- Спроведен е Конкурсот за Идејно архитектонско решение за надгардба и доградба на објектот на Собранието, со изработка на целокупната конкурсна документација во рамките на Комисијата за надградба.
- Изработена Проектна програма и тендерска документација за изработка на Проектна документација (Идеен, Основен и Изведбен проект, Проект на изведена состојба и Проект за употреба и одржување на градба) за надградба и доградба на објектот на Собранието.
- Изведени преградување на две проширувања на ходникот на вториот кат во работните простории 100а и 156а;
- Отварање на врати на работни простории за директна комуникација 153а, 48-49, 10-13.
- Проширување на телефонската централа со нова додатна плоча за нови 10 телефонски обични и мастер броја.
- Сервисирање на компјутерскиот систем (со набавка на нов софтвер) за автоматско водење на климатизацијата во салите 1, 2, 3 и 4.
- Од Министерството за транспорт и врски е добиена Употребната дозвола за уредувањето на сите влезови со настрешници, нови масивни врати со витражи и гранитни подови.
- Со Одлука на Владата на Република Македонија, завршена е постапката за утврдување на сопсвеноста на објектот на Собранието, после што е добиен и Имотен лист.
- Довршена е изведбата на Мастер соба, како втора Техничка режија на галеријата на холот меѓу салите 3 и 4.
- Изработена Проектна документација за Ентериерно уредување на Сала 2 во библиотека и реновирање на салата.
- Изведен е дел од библиотеката во Сала 2.
- Ентериерно се уредени Охридската и Струшка салата, претапацирани гарнитурите за седење во Клубот на пратеници и столиците во Банкет сала.

# БУЏЕТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА

# ПЕРИОДОТ 2006-2008 ГОДИНА

Во илјади денари

| | Приходи | | Расходи според намена | | | | | | | | Расходи според намена во % | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Плати, наемнини и надоместоци | | Стоки и услуги | | Субвенции и трансфери | | Капитални расходи | | Плати, наемнини и надоместоц и | | Стоки и услуги | | Субвенции и трансфери | | Капитални расходи | |
| **Год.** | Буџет | Ребал. | Буџет | Ребал. | Буџет | Ребал. | Буџет | Ребал | Буџет | Ребал. | Буџет | Ребал | Буџет | Ребал | Буџет | Ребал | Буџет | Ребал. |
| **2006** | 305 500 | 327 261 | 187 839 | 203 200 | 94 246 | 110 446 | / | 200 | 23 415 | 13 415 | 61,48 | 62,09 | 30,85 | 33,75 | / | 0,06 | 7,67 | 4,1 |
| **2007** | 397 187 | 464 114 | 211 220 | 222 150 | 110 200 | 151 197 | 36 617 | 36 617 | 39 150 | 54 150 | 53,17 | 47,86 | 27,74 | 32,58 | 9,22 | 7,88 | 9,86 | 11,67 |
| **2008** | 444 078 | / | 240 000 | / | 130 078 | / | 36 000 | / | 38 000 | / | 54,04 | / | 29,3 | / | 8,1 | / | 8,55 | / |

Извор: Службен весник на Република Македонија бр.120/2005; 120/2006; 139/2006; 121/2007 и 160/2007

# 8. КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

# 8. КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 14.02.2007 година го разгледа - Предлогот за донесување Деловник на Собранието на Република Македонија.

На предлогот за донесување на деловникот на Собранието на Република Македонија Клубот на пратенички предложи во втората фаза во постапката во донесувањето на деловникот членот 20 и членот 117 да се усогласат со Законот за еднакви можности.

Усогласување во смисла на тоа при изборот на претседател и потпретседатели на Собранието на Република Македонија, како и претседатели, нивни заменици, членови и нивни заменици на работните тела и парламентарните делегации за соработка да се води сметка за еднаква застапеност на жените и мажите.

Во пресрет на 8 Март - Меѓународниот ден на жените - на 7 март 2007 година во сала 2 во Собранието на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика - Одделение за унапредување на рамноправноста помеѓу половите, во чии рамки функционира и координативната канцеларија на Национал-ниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе во соработка со Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција на Владата на Република Македонија организираа информативна средба со Клубот на пратенички во Собранието на Република Македонија на тема: Активности кои се преземаат во борбата против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија.

Учесници на средбата беа пратеници од Собранието на Република Македонија, а гости министерот за труд и социјална политика г. Љупчо Мешков, државниот секретар и координаторот на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција г. Гоце Цуклески и претставници на меѓународните организации ОБСЕ, Американската амбасада, ИОМ и УНИЦЕФ.

На 31 мај 2007 година, Националниот демократски институт за надворешни работи (НДИ) во соработка со Клубот на пратенички организираа тркалезна маса насловена Анализирање на законодвството од родов аспект.

На тркалезната маса свое излагање имаше г-ѓа Шармит Булте, поранешна пратеничка од Канадскиот парламент, инаку соработничка на НДИ.

По излагањето на гостинката се разви плодна дискусија, при што пратеничките ги запознаа гостите со работата на Клубот и неговите достигнувања во изминатиот период (во буџетот е донесена ставка за борба против семејното насилство, ставка за бесплатно прегледување на дојката и матката за рано откривање на ракот).

Се разговараше за Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените, за женското движење во Македонија, за семејното насилство и негово препознавање, за дискриминацијата и борба против неа и за борбата против трговијата со луѓе.

На тркалезната маса покрај пратеничките на Собранието на Република Македонија, присуствуваа и гости вработени во НДИ Косово кои ја поздравија активноста на пратеничките.

Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија во соработка со Националниот демократски институт за надворешни работи (НДИ) на 11 јули 2007 година, организира тематски брифинг: Имплементација на бесплатните гинеколошки прегледи на којшто учествуваше и министерот за здравство, г. Имер Селмани.

На оваа тематска средба Клубот на пратенички заедно со НДИ ја поддржа кампањата за подигање на свеста на жените за избор на матичен гинеколог и превентивни бесплатни пап-тестови, што ја започна Министерството за здравство и го означи почетокот на своето активно вклучување и делување во кампањата.

По остварената голема дебата во врска со начинот на кој Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија ќе учествува во оваа кампања беа донесени следниве заклучоци: Клубот на пратенички да се вклучи во целост во кампањата за подигање на свеста на жените за избор на матичен гинеколог и превентивни бесплатни пап-тестови; НДИ да ги стави на располагање канцелариите за комуникација со граѓаните и асистентите од истите за потребите на кампањата; Министерството за здравство со медицинските експерти да изврши обука на пратеничките и асистентите пред кампањата; Министерството за здравство да ја води целосно кампањата, со поддршка на Клубот на жени-пратенички, НДИ и невладините организации за унапредување и статусот и положбата на правата на жените.

На 30 и 31 октомври 2007 година во Собранието на Република Македонија беа одржани работилници во рамките на проектот "Жените го можат тоа III - јакнење на капацитетите на жените во парламентот", на тема "Лобирање и застапување", во организација на Националниот совет на жените на Македонија - СОЖМ во партнерство со Секторот за еднакви можности при

Министерството за труд и социјална политика, а поддржано од Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.

Во воведниот дел со свое излагање и осврт на значајноста на темата и поддршката на работата на избраните жени во Парламентот, до присутните се обратија: амбасадорката Наталија Дрозд, заменик-шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, претседателката на Клубот на пратенички, г-ѓа Цветанка Иванова, државниот советник во МТСП г-ѓа, Елена Грозданова, претседателката на Комисијата за еднакви можности во Собранието на РМ, г-ѓа Лилјана Поповска и г-ѓа Савка Тодоровска, претседателка на НСЖМ-СОЖМ.

Голем придонес во организацијата и поддршката на работилниците даде Клубот на пратенички, со што покажа дека пратеничките во однос на родовата политика имаат усогласени ставови и дека се подготвени да се анимираат и во корелација со граѓанскиот сектор заеднички да работат на подобрување на законската регулатива и имплеметирање на постојните законски одредби.

На темата на работилниците „Лобирање и застапување" презетираа г-ѓа Емина Нурединовска од МЦМС, која говореше за Поимите лобирање и застапување, како и за Граѓанското општество во Македонија, структура, околина, вредности и влијание и г-ѓа Савка Тодоровска од СОЖМ, која на втората работилница се надоврза на Јавното застапување и кампањи, од аспект на учеството на пратеничките во процесите на лобирање за обезбедување еднакви права и можности за жените и мажите во структурите на општеството.

Во работната сесија предвидена за прашања и дискусија, пратеничките покажаа голем интерес да проговорат и дискутираат на теми поврзани со родовите прашања од аспект на лобирањето и застапувањето на истите во Парламентот, со цел да се подобри законската регулатива по прашањата на еднаквите права и можности на жените и мажите во сите сегменти од општествениот живот.

Некои од препораките донесени врз основа на дискусијата на пратеничките на зададената тема се: Понатамошни заложби за дополнување на Изборниот законик со одредби за родови квоти; Лобирање на Клубот на пратенички за подобри решенија во однос на gender компонентата во законската регулатива; Фокусот на вниманието да се насочи кон економското јакнење на жените и развојот на жените во руралните средини; Поголема комуникација и соработка со граѓанските организации како линк помеѓу жените во локалните заедници и жените во парламентот; Ефективна и ефикасна работа на Клубот на пратенички и следење на имплементацијата на Законот за еднакви можности; Понатамошно лобирање за Членот 64 став 5 од Изборниот законик да остане непроменет.

Од 23 до 25 октомври 2007 година пратеничките беа во Маврово каде беше одржана работилница во рамките на проектот "Жените го можат тоа III - јакнење на капацитетите на жените во парламентот", на тема „Вклучување на родовата перспектива во главните текови" (Gender mainstreaming), при што беа обработени следниве теми: Механизми за воспоставување на родовата рамноправност на локално, национално и меѓународно ниво; Мапа за родова еднаквост; Вклучување на родовите перспективи во законската регулатива; Основни компоненти и механизми на вклучувањето на родовата; Перспектива во главните текови, меѓународни искуства; Рамноправен наспроти ист пристап – корективен пристап или модел на суштинска рамноправност, кој не е засегнат само со подеднакви можности туку повеќе од правичност на резултатите; Вклучување на родовите перспективи на ниво на генералните политики и стратегии, системи и процедури и на ниво на секторски програми во рамките на институциите; Родово - сензитивни индикатори за следење и оценка; Концепти; Родово слепи политики, родово сензитивни политики родово редистрибутивни политики; Родовата анализа и родовото буџетирање, како основна алатка на вклучувањето на родовата перспектива во главните текови.

На работилницата беа присутни и претставници од Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, кои ги поддржаа проектните активности.

Учесничките на работилницата покажаа интерес за темите и подготвеност да дебатираат на прашања поврзани со родовата перспектива во Република Македонија. Се дискутираше за имплементацијата на Законот за еднакви можности, за механизмите за постигнување родова рамноправност на национално и на локално ниво и за многу други прашања и проблеми со кои се соочуваат жените – особено на полето на насилството, трговијата со луѓе, во текстилната индустрија, здравството, на пазарот на трудот, а се проговори и за жените во руралните подрачја.

Се истакна потребата од усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија, од аспект на родовата еднаквост до 2010 год.

На работилницата стана збор и за донесувањето на Законот за антидискриминација, кој е веќе во постапка.

Врз основа на дискусијата на пратеничките може да се издвојат следниве заклучоци: Да постои координирана соработка и распределба на ингеренциите меѓу Клубот на пратенички, Секторот за еднакви можности и Комисијата за еднакви можности во Собранието на Република Македонија; Лобирање и поголеми заложби на пратеничките за подобри решенија во однос на gender компонентата во законската регулатива; Клубот на пратенички да се официјализира (своја канцеларија, лице кое ќе ги координира активностите и минимум средства за работа), и да подготви стратегија и програма за работа; Следење на имплементацијата на законските одредби кои ја вклучуваат родовата компонента и подготовка на извештаи за резултатите и постигнувањата.

На 21 декември 2007 година во Собранието на Република Македонија беше одржана работилница во рамките на проектот "Жените го можат тоа III - јакнење на капацитетите на жените во парламентот", на тема "Корелација меѓу националната законска регулатива со европската легислатива и интернационалните документи кои се однесуваат на родовата рамноправност", во организација на Националниот совет на жените на Македонија - СОЖМ во партнерство со Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика, а поддржано од Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.

На работилницата беа обработувани следниве теми: Презентација - Националната регулатива од аспект на родовата рамноправност (посебен осврт на Националниот план за акција за родова рамноправност); Преглед на Интернациона-лните документи кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите; Прашања и дискусија (приоритети, предлози и потреби за измени и дополнувања на законската регулатива, можности за инкорпорирање на родовиот концепт во законската регулатива во РМ, почитување и имплементација на законските одредби).

На работилницата беа присутни и претставници од Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, кои ги поддржаа проектните активности.

Пратеничките покажаа интерес за темите и подготвеност да дебатираат на прашања поврзани со родовата перспектива во Република Македонија. Воедно, водеа конструктивна дискусија од која може да се сублимираат неколку подрачја како идни приоритети:

- Да се донесе посебен закон за семејното насилство;
- Да се имплементира Законот за еднакви можности;
- Да се иницираат измени во Законот за социјална заштита;
- Да се обезбеди родов баланс во исплатата на платите во поодделни професии;
- Да се проучат можностите за користење на европските фондови со цел да се преземат мерки за подобрување на економската состојба на жените; Да се зголеми функционалноста на Клубот на пратенички (редовни средби, активна партиципација од сите пратенички, програма и стратегија за работа, финансии и сл.).

Клубот на пратенички поднесе амандмани за Правилата на процедурата, со цел за промена на статусот на клубот во формално тело на Собранието со право да ги користи услугите кои ги пружаат вработените во Собранието, но со свој посебен буџет.

Во изминативе четири месеца, од јануари до април 2008 година, Клубот на пратенички оствари исклучителни резултати во унапредувањето на родовите прашања, во давањето на сѐ поголем придонес во работата на Собранието на Република Македонија преку активно учество на пратеничките во законодавните расправи поврзани со унапредувањето на родовата еднаквост, и имплентирањето на Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите. Исто така, во овој период Клубот на пратенички одржа повеќе настани со кои се потврди определбата и мисијата на клубот: унапредување на статусот и положбата на жените и воспоставување на еднакви можности на жените и мажите согласно со Законот за еднакви можности, иницирање и предлагање на донесување, измени и дополнување на законската регулатива од аспект на родовата рамноправност, еднаквите можности и заштитата од дискриминација во областа на трудот и социјалното осигурување и социјална заштита.

Од 1 до 3 февруари 2008 г. Македонското женско лоби и ИРИ организираа семинар во Битола - х. Молика, на тема: Мултипартиски семинар за жени во политиката ″Комуникација со медиуми″, на кој активно учество зедоа пратеничките: Цветанка Иванова, Ристана Лалчевска, Лилјана Поповска, Катерина Димеска, Анита Кипаризовска-Крстеска и Наде Станчевска.

На 7 февруари 2008 година Клубот на пратенички одржа работилница за надворешна комуникација ″Како да ја продадете Вашата приказна на медиумите″. Работилницата започна

со воведно обраќање на Цветанка Иванова - координатор на Клубот на пратенички, Крис Хеншо - директор на НДИ и Скот Хејзлет - програмски директор на НДИ. Предавачи на работилницата беа: заменик-уредникот на дневниот весник ″Вест″ Снежана Костова, Венера Љатифи - дневен весник ″КОХА″, Васко Попетревски ″Канал 5″ телевизија. Модератор на работилницата: Слаѓана Марјановиќ- Пановска.

На 8 февруари 2008 година Клубот на пратенички организира јавна расправа во врска со Предлогот на закон за заштита од насилство во семејството, предложен од група пратеници. Расправата ја отвори Цветанка Иванова, координатор на Клубот на пратенички. Сведоци на јавната расправа беа предлагачот на законот, МЖЛ, СОЖМ, НДИ, ЕСЕ, Министерството за труд и социјална работа преку свој претставник, како и бројни невладини организации кои го третираат прашањето на насилство во семејството.

На 12 февруари 2008 година по одржувањето на јавната расправа Клубот на пратенички го донесе следното мислење во врска со Предлогот на закон за заштита од насилство во семејството: ″Се констатира дека Предлогот за донесување на закон за заштита од насилство во семејството од група пратеници е добра иницијатива за отпочнување на процес на кодификација на законодавството, но понудените решенија го третираат проблемот на пониско ниво од досегашниот третман″.

На 20 февруари 2008 година претседателство на Клубот на пратенички и амбасадорот на УНДП во Република Македонија, г-ѓа Марија Лујза Силва Мејиас, одржаа работна средба. Тема на оваа средба беше барање поддршка од УНДП во донесување на законот за заштита од насилство во семејството и барање за поддршка и соработка за идни проекти.

На 28 февруари 2008 г. претседателството на Клубот на пратенички и г-ѓа Ниам Волш, политички советник во Канцеларијата на Европската унија во Република Македонија имаа работен ручек. Тема на оваа средба беше добивање поддршка и од Канцеларијата на ЕУ во РМ за работата на Клубот на пратенички и можност за заедничко учество на идни проекти.

На 07 март 2008 г. Клубот на пратенички ја одбележа 5-годишнината од формирањето. На прославата свое обраќање имаа координаторот на Клубот, Цветанка Иванова, како и членовите на претседателството на Клубот на пратенички. Беа поканети претставници на дипломатскиот кор во Република Македонија, пратениците од актуелниот состав на Собранието на РМ, поранешни пратенички, бројни невладини организации, како и електронските и пишани медиуми. Свеченоста се одржа во Кристалната сала во Собранието на РМ, беше медиумски покриена, проследена со обиколка на Собранието и со свечен коктел.

На 17 март 2008 г. висока делегација од Конгресот на САД го посети Собранието на Република Македонија. Во текот на еднодневната посета, се одржаа посебни работилници, со пратеничките и претседателите на комисиите во Собранието на следниве теми: подготовка на законски текст, барање и добивање поддршка од надворешни групи, лобирање меѓу колегите-пратеници за одредени иницијативи, следење на имплементација на легислативата и пренесувања на искуства од работата во Конгресот на САД. Од гостите беше искажана поддршка во пресрет на Самитот на НАТО во Букурешт од 2-4 април за добивањето на покана на Република Македонија.

На 30 март 2008 г. се реализираше проектот на Клубот на пратенички ″Заедничко дружење на пратеничките и дипломатскиот кор во Република Македонија во насока на НАТО и ЕУ интеграции″ во Лешок, Лешочки манастир. Настанот беше одржан под мотото ″Култура, традиција, исхрана″ и беше медиумски покриен од повеќе електронски и пишани медиуми.



# 9.ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

## 9.1. СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

Согласно Законот за радиодифузната дејност, член 117 ставови 6 и 7, ("Службен весник на Република Македонија" број 100/2005) "Македонската Радио Телевизија обезбедува програмски сервис, исклучиво наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија".

"Во време кога нема активности во Собранието на Република Македонија и додека не се создадат сите со закон предвидени услови за емитување на програмскиот сервис, МРТ на мрежата ќе емитува содржини од сопствено производство и обработена програма. Во тој случај, емитувањето ќе се врши со идентификациски знаци на МРТ, како комплементарен сервис" (член 3 од Спогодбата за заедничко користење на основната мрежа на ЈП МРТ за пренесување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието, склучена меѓу Претседателот на Советот на Собранискиот канал и Работоводниот орган на ЈП МРТ).

Собранискиот канал/МРТ емитува програма во траење од 14 часа дневно, од 10,00 до 24,00 часот, а по потреба и подолго од овој термин.

Покрај директните преноси на пленарните седници на Собранието, на Собранискиот канал, директно или со снимки, се презентира пред јавноста работењето на собраниските комисии, а се емитуваат и преноси или снимки од други активности во Собранието што се составен дел од неговото функционирање. (Меѓународни конференции, официјални посети на странски парламентарни делегации, прес-конференции,активности на Клубот на жени пратенички, на интерпарламентарни лоби групи, на невладини организации и.т.н.) Сите активности во Собранието кои се пренесуваат на Собранискиот канал се емитуваат со собраниско лого.

На овој начин се остварува основната функција на Собранискиот канал – јавност во работењето на Собранието на Република Македонија, со што, работењето на пратениците се става на увид на оние кои им го дале мандатот, односно, граѓаните на Македонија.

Во периодот од 26 јули 2006, кога беше одржана конститутивната седница на Собранието од петтиот собраниски состав, до 31 декември 2006 година, директно беа пренесувани 63 собраниски заседанија во траење од 14.520 минути, како и преноси и снимки од седници на собраниските комисии и други активности во Собранието во траење од речиси 2000 минути

Во наредниот период, од 01 јануари 2007 до 31 декември 2007 година на Собранискиот канал се емитувани вкупно 210 преноси од Собранието на Република Македонија, во траење од 49.245 минути, 131 снимка од седници на собраниските комисии и 88 преноси и снимки од други настани што се случувале во Собранието, со вкупно траење од 67.836 минути.

Од 01 јануари 2008 до 12 април 2008 година на програмата се пренесувани вкупно 60 собраниски заседанија.

Во овој период на Собранискиот канал/МРТ е емитувано програма во вкупно таење од 64.158 минути од која 15.655 минути е програма што се емитува под

собраниското лого (пленарни седници, собраниски комисии и други настани во Собранието на РМ).

